МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

# ШТИТ

Број 189
Јули 2025



Вежбата „Immediate Response 25“

Одбележување на Денот на воздухопловниот ВИНГ

Психолошка отпорност – тајната на издржливите војници

ISSN 1857-6710

Фото: водник Иван Митрушев



# Денот на високи гости во рамки на ве

Во рамки на вежбата „Immediate Response 25“ (IR 25), на армискиот полигон „Криволак“ беше реализиран Денот за високи гости. На настанот присуствуваа: претседателката и врховен командант на вооружените сили, Гордана Сиљановска-Давкова, претседателот на Владата, Христијан Мицковски, министерот за одбрана, Владо Мисајловски, началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, началникот на штабот на Командата на копнените сили на САД за Европа и Африка, генерал-мајор Левон Камптон, командантот на Националната гарда на Вермонт, генерал-мајор Грегори Најт, министри во Владата, пратеници од Собранието, амбасадорите на САД, Албанија, Косово, Обединетото Кралство и Црна Гора, генерали од Армијата, високи гости од земјите учеснички на вежбата „IR 25“, военодипломатскиот кор, претставници од локалната самоуправа и други гости. Во своето обраќање претседателката Гордана Сиљановска-Давкова истакна: „Во време на глобални безбедносни закани, кога светот е растргнат меѓу војните и надежта, нашата армија демонстрира интероперабилност, професионалност и подготвеност да дејствува рамо до рамо со сојузниците, во одбрана на слободата, достоинството и човековите права“. Претседателката додаде дека уште еднаш ја потврдивме нашата определба: да бидеме на страната на мирот, но и дека сме подготвени, доколку е потребно, да го браниме со сите сили.

Министерот за одбрана, Владо Мисајловски, порача дека вежбата претставува „јасна демонстрација на посветеноста на македонската армија кон националната и регионалната безбедност, како и кон стабилноста на Алијансата“ и дека на овој начин ги унапредуваме способностите за одвраќање и одбрана на НАТО. Министерот ја потенцираше и важноста и стратешката позиција на нашиот полигон за обука „Криволак“, кој е „уникатен капацитет за извежбување со можност за







# жбата „Immediate Response 25“ (IR 25)

реализација на вежби од големи размери“. Вежбата „IR 25“ е повеќе од демонстрација на борбената готовност и способност – таа е доказ на силата и посветеноста на Алијансата. Неуморната работа на учесниците на вежбата нема цел само да се подобрат капацитетите и способностите на сопствените единици, туку и да се изгради доверба, интероперабилност и меѓусебно почитување“, истакна генералот Сашко Лафчиски. Генералот Лафчиски додаде: „Оваа вежба испраќа силна порака дека заедно сме посилни и поспособни да ги заштитиме демократските вредности, мирот и слободата“.

„Оваа вежба е доказ на силата на колективната одбрана и на нашата посветеност за стабилна и безбедна Европа“, потенцираше генерал-мајор Левон Камптон. Притоа тој ја истакна импресивната и непоколеблива посветеност на нашата земја кон регионалниот мир и безбедност. Вежбата „Immediate Response 25“ е втората фаза од најголемата вежба на американската армија во Европа, вежбата „Динамично ангажирање на силите во Европа за одвраќање и зголемена подготвеност на НАТО“ (DEFENDER 25). Покрај седум други европски земји, и нашата земја е една од земјите домаќини. Во активностите кај нас се вклучени повеќе од 2200 армиски припадници од седум НАТО земји членки и две земји партнери на Алијансата. Целите на оваа вежба се повеќекратни, а меѓу најзначајните се: синхронизација на комбинираните вооружени сили и потврда на тактиките, техниките и процедурите за изведување на координирани конвенционални и здружени операции во различни временски услови, како и подобрување на интероперабилноста на декларираните состави преку извежбување со земјите партнери. Освен тоа, цел на вежбата е и градење поголема подготвеност и оперативна синхронизираност меѓу армиите на НАТО и партнерските земји преку сложени и симултани операции во повеќе зони. ■

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија


Главен и одговорен уредник
м-р Трајче Чатмов


Редакција:

Умит Реџепи
(технички уредник)


м-р Ксенија Митева (лектор)


Борче Лозановски (новинар)


Станка Петкова (новинар)

Печати:
„Винсет графика“ – Скопје



„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит





16


20

# содржина

ШТИТ | година XVII | број 189 | јули 2025

Инфо
**„Immediate Response 25“ – најголемата меѓународна вежба во земјава** ........ 6

Инфо
**Посета на началникот на Генералштабот на Унгарија** ........ 10

Инфо
**Одбележување на Денот на воздухопловниот ВИНГ** ........ 14

Геополитика
**Стратегии за обновен интерес кон Африка – примерот на Велика Британија** ........ 20

Безбедност
**Значењето на приватното обезбедување во македонската држава** ........ 24

Воена едукација
**Урбаната средина како Борбена зона (прв дел)** ........ 28

Воена едукација
**Во борба против дроновите со вештачка интелигенција** ........ 32

Сајбер-безбедност
**Сајбер-фронтот: Новата линија на одбрана во модерното војување** ........ 36

Вооружување
**Транспортен авион „Transall C-160“** ........ 38

Историја
**Епопејата на Ножот** ........ 48

Право
**Воени национални ограничувања – правна рамка и импликации** ........ 52

Спомен-обележје
**Спомен-костурницата во Кавадарци** ........ 56

Уметниците и војната
**Ханс Ларвин** ........ 59


38


50

ПИШУВА:

**м-р Трајче Чатмов**
Главен и одговорен уредник

КОН ОВОЈ БРОЈ

## Јакнење на безбедносната архитектура со јасна визија за безбедна иднина

*Во време на забрзани геополитички промени и нови безбедносни предизвици, воената соработка претставува клучен столб на колективната одбрана и стабилноста во регионот и пошироко. Македонија, како рамноправна членка на НАТО, активно ја гради и ја унапредува својата улога преку конкретни придонеси во рамките на Алијансата.*

*Во тој контекст, меѓународната вежба „Immediate Response 25“, како дел од поширокиот рамковен план „Defender Europe 25“, е еден од клучните тестови за ефикасноста на сојузничките армии. Оваа година па вежбата учествуваа илјадници војници од повеќе НАТО земји кои реализираа сложени сценарија за брза реакција, логистика и заедничка одбрана. „Immediate Response 25“ претставува одлична можност за потврда, унапредување, но и за проверка на интероперабилноста и оперативната способност на сојузниците за водење конвенционални операции, организација на системите на бојното поле, како и подобрување на тактиките и техниките во водењето на операциите, во функција на создавање поголема отпорност и самоодржливост на бојното поле. За нас, како домаќини и како армија на земја која од неодамна наврши пет години од членството во НАТО, оваа вежба е идеална можност за распоредување и извежбување на нашите декларирани сили, но и за непосредна соработка со сојузничките армии и партнерите.*

*Учеството на нашите припадници на Армијата ја демонстрира нивната висока подготвеност и способност за интегрирано дејствување, што е особено важно за современиот безбедносен контекст.*

*Нашата земја ја реафирмира својата посветеност на НАТО стратегијата, ставајќи акцент на важноста од проактивна политика, транспарентност и долгорочна одржливост во одбранбените трошоци. Покрај тоа, министерот имаше билатерални средби со партнери од регионот и од поширокото евроатлантско подрачје, на кои беа разгледани прашања од заеднички интерес, како што се обуката, технолошкото осовременување и регионалната стабилност.*

*Паралелно со теренската ангажираност, дипломатската активност останува подеднакво важна. Министерот за одбрана во јуни 2025 година учествуваше на состаноци на Северноатлантскиот совет во Брисел каде што се дискутираат стратешките приоритети на Алијансата, новите безбедносни ризици и патот напред во градење ефикасен одбранбен одговор. Овие разговори не се само политички – тие се израз на активна посветеност кон колективната безбедност и стабилност.* ■

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите
на надворешните соработници не ја
презентираат официјалната политика
или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

trajce.catmov@mod.gov.mk
borce.lozanovski@mod.gov.mk
stanka.petkova@mod.gov.mk



# „Immediate Response 2
## најголемата меѓународна вежба во

Од 26 мај до 9 јуни на армискиот полигон „Криволак" се реализираше меѓународната вежба „Immediate response 25" (IR25). Единици од седум НАТО земји и две партнерски земји со своја формациска опрема и вооружување демонстрираа безбедносни способности и зајакнување на сајбер-одбраната преку бојни гаѓања, премин преку река, сајбер-вежби и вежби за АБХ одбрана.

Вежбата свечено ја отвори бригадниот генерал Мирче Ѓоргоски, командант на Командата за операции, која беше организатор и домаќин на вежбата. Тој на учесниците им оддаде признание за посветеноста и професионализмот кои беа покажани за време на планираниот процес и истакна дека очекува беспрекорна работа и високи резултати.

„Immediate Response 25" претставува одлична можност за пот-





# 5" –
# земјава

врда, унапредување, но и проверка на интероперабилноста и оперативната способност на сојузниците за водење конвенционални операции, организација на системите на бојното поле, како и подобрување на тактиките и техниките во водењето на операциите, во функција на создавање





поголема отпорност и самоодржливост на бојното поле. За нас, како домаќини и како армија на земја која од неодамна наврши пет години од членството во НАТО, оваа вежба е идеална можност за распоредување и извежбување на нашите декларирани сили, но и за непосредна соработка со сојузничките армии и партнерите“, истакна генералот Ѓоргоски, прогласувајќи ја вежбата за отворена.

Во вежбовната активност на армискиот полигон „Криволак“ учествуваат над 2200 армиски припадници од земјава, САД, Албанија, Грција, Италија, Црна Гора, Обединетото Кралство, Австрија и Косово.

Вежбата „IR 25“ е дел од најголемата НАТО вежба оваа година на тлото на Европа, „Defender 25“, предводена од Армијата на САД, која се изведува на територијата на членките на НАТО од југоисточниот дел на Европа. Преку изведување на копнени и бојни гаѓања се подобруваат подготвеноста, интероперабилноста и способностите за одвраќање помеѓу НАТО сојузниците и партнерите.

На армискиот полигон „Криволак“ беше изведена меѓународната вежба „IR 25“ со обука за маневар и подготовка за транспорт на персонал од учесници на вежбата со хеликоптер „МИ-8/17“ од составот на воздухопловниот ВИНГ. За време на вежбовните активности на „IR 25“, учесниците извршија повеќе активности: запоседнување на база на патрола, пред изведување на планиран напад и движење на конвоите. Тие имаа обука за влез и излез од хеликоптер, како и за сместување во хеликоптер. Дополнително се



извежбуваа сигнали за наведување на хеликоптери и одредување на зона за истоварување на персоналот. Единицата за врски беше рамо до рамо со нашите сојузници и партнери. Водот за атомско-биолошка и хемиска одбрана (АБХО) од составот на Лесната пешадиска баталјонска група реализираше заеднички вежби со АБХО единици од САД и Италија. Беа разменети тактики, техники и процедури за АБХО извидување со земање примероци, анализа и деконтаминација. Беа реализирани боеви гаѓања со тенкови „Леопард“, поддржани со возила „Хамви“.



За време на на меѓународната вежба „IR 25“на градскиот плоштад во Кавадарци се одржа Отворен ден на Армијата, каде граѓаните имаа можност одблизу да разгледаат дел од формациската опрема, вооружувањето и возилата на земјите учеснички.  На Отворениот ден присуствуваше и началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, заедно со одбранбеното аташе на САД, полковник Даниел Скваjерс, градоначалникот на Општина Кавадарци, Митко Јанчев, како и други гости.

На армискиот полигон „Криволак“ ЛПБГ реализираше гаѓање со вод, а водот од АБХО, заедно со припадници од САД, Италија и Црна Гора, во согласност со дадената ситуација, изврши извидување, земање примероци и деконтаминација. Се одржа и четно гаѓање на единиците од Црна Гора со оклопни возила JLTV, поддржани со минофрлачи и подготовка за четно гаѓање на припадниците од ЛПБГ.

На последниот ден од вежбата, со воена свеченост во Центарот за обука „Пепелиште“ беше затворена воената вежба „Immediate Response 25“.

Пред стројот на учесниците на вежбата се обрати кодиректорот на вежбата, потполковник Ристо Стоев, кој истакна дека е задоволен од напорната работа, професионализмот, меѓусебната соработка и исклучителната посветеност на сите учесници на вежбата, притоа официјално прогласувајќи ја вежбата за затворена.

Вежбата во потполност ја постигна својата цел за унапредување, но и за проверка на интероперабилноста и оперативната способност на сојузниците за водење конвенционални операции, организација на системите на бојното поле, како и подобрување на тактиките и техниките во водењето на операциите во функција на создавање поголема отпорност и самоодржливост на бојното поле. ■





# Посета на началникот на Генералштабот на Унгарија

Делегација на вооружените сили на Унгарија, предводена од началникот на Генералштабот, генерал Габор Беренди, престојуваше во дводневна официјална посета на нашата армија. После приемот со високи воени почести во Кампот за обука на вода во Охрид, генерал Габор Беренди оствари средба со својот домаќин, началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски. На средбата се разговараше за досегашната билатерална соработка помеѓу двете сојузнички НАТО армии и за можностите за понатамошно унапредување на истата, преку конкретни активности од заемен интерес ( обука и вежби, размена на искуства и користење на капацитетите за обука). Притоа беше констатирано дека билатералната меѓуармиска соработка, која во континуитет е на високо ниво, и придонесува кон безбедноста и стабилноста во регионот.

За време на официјалниот состанок, делегацијата од ВС на Унгарија беше запознаена со процесот на трансформација и модернизација на Армијата на Република Северна Македонија, со структурата на специјалните сили и со билатералната соработка помеѓу специјалните сили и капацитетите на АП„Криволак“.

Во рамки на заедничката обука со специјалните сили на ВС на Унгарија беше изведена методско-показна вежба „Препад на пловен објект и командно место“, како и тактичко- технички збор на кој беше прикажана дел од опремата која се користи за време на обуката. По завршување на вежбата генералите истакнаа дека со оваа заедничка обука, покрај зајакнување на интероперабилноста, се зајакнува и меѓусебното пријателство.

Поддршката за време на природни непогоди, како и учеството на припадници на воениот оркестар на ВС на Унгарија на концертот кој традиционално се изведува неколку години во пресрет на Нова година, дополнително го зајакнува силното партнерство и соработка. ■



# Мисајловски на состанокот на Северноатлантскиот совет на НАТО во Брисел

Во седиштето на НАТО во Брисел, министерот Владо Мисајловски, заедно со министрите за одбрана на сојузничките земји учествуваше на состанок на Северноатлантскиот совет на НАТО.

„Единството на Алијансата е на највисоко ниво. Ја потврдивме нашата заедничка заложба за одвраќање и одбрана на целата територија на НАТО“, рече министерот и додаде дека Алијансата е обединета според нејзините три основни задачи – одбрана и одвраќање, колективна безбедност и менаџирање на кризни состојби.

Мисајловски кажа дека на состаноците се отворило прашањето за инвестициите во одбраната наменети за одбранбени и цивилни капацитети, кои ќе ја зајакнат безбедноста и сигурноста, но и општествената отпорност.

„Иако одбраната е клучната задача на Армијата и Министерството за одбрана, потребно е целокупното општество да се вклучи во зголемувањето на нашата отпорност, заштитата на мирот, стабилноста и безбедноста на секој поединец“, подвлече тој.

На состанокот, министерот даде целосна поддршка на напорите за зајакнување на Алијансата и ја потврди посветеноста на земјата кон колективната безбедност.

Во попладневните часови се одржа и состанокот на Советот НАТО – Украина, на кој земјите членки на НАТО ја потврдија определбата за континуирана, долгорочна поддршка за Украина. На оваа сесија учествуваше и високата претставничка на ЕУ за надворешни работи и безбедносна политика, Каја Калас. Министерот Мисајловски учествуваше и на состанок на Групата за нуклеарно планирање на НАТО. ■




# Состанок на Контакт-групата за Украина

Во рамки на состанокот на министри за одбрана на НАТО во Брисел, министерот Мисајловски учествуваше на состанокот на Контакт-групата за Украина кој се одржа во организација на секретарот за одбрана на Обединетото Кралство Џон Хејли и министерот за одбрана на Сојузна Република Германија, Борис Писториус.

На состанокот беше разговарано за актуелната состојба и за безбедносните предизвици во овој конфликт. Истовремено беа разменети информации, ставови, искуства, како и идните приоритети на Алијансата во насока на зајакнувањето на координацијата меѓу земјите членки. Овие дискусии се од особено значење за градење заеднички одговори на современите безбедносни предизвици и за зајакнување на довербата меѓу сојузниците. ■



# Генерал-мајор Лафчиски на конференција за копнено војување во Лондон

Началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, во Лондон се сретна со заменик началникот на Генералштабот за одбрана, воздухопловниот маршал Харви Смит со кого разговараше за моменталната безбедносна состојба во регионот, Европа и пошироко.

Генералот Лафчиски и маршалот Смит разговараа и за развојот на соработката на вооружените сили на двете држави, развојот на регионалните планови на НАТО, учеството на Армијата во мисиите на НАТО во Романија, Бугарија и на Косово, како и придонесот на Армијата во ЕУ операцијата Алтеа во Босна и Херцеговина. Тема на разговор беше и новиот Стратегиски одбранбен преглед на Обединетото Кралство, како и потребата од ажурирање на овој значаен документ во нашата земја, имајќи ги предвид британските искуства.

Во рамки на посетата на Лондон, генералот Лафчиски учествуваше на дводневната Конференција за копнено војување, каде свое излагање имаа претставници од високиот воен и политички врв на Обединетото Кралство, како и претставници на академската заедница, одбранбената индустрија и банкарскиот систем.

За време на Конференцијата, генералот Лафчиски се сретна со началникот на Генералштабот на Армијата на Обединетото Кралство, генерал Сер Роберт Вокер со кого разговараше за проширување на соработката на двете армии, исполнувањето на новите НАТО цели на способности, користењето на капацитетите на армискиот полигон „Криволак“ и реализацијата на заедничка обука и вежби. ■






# НГШ во посета на Академија в

Началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, својата посета на Обединетото Кралство (ОК) ја започна со посета на Кралската Воена Академија во Сандхрст. За време на посетата, генералот Лафчиски оствари средба со командантот на Академијата, бригаден генерал Ник Вајт-Бојкот. На средбата беа разменети мислења за развојот на воената едукација во двете армии, за предизвиците со кои се соочува военото образование во денешната сложена гео-политичка ситуација, како и за можната соработка во иднина, односно



# Кралската Воена
# о Сандхрст

упатување на питомци и старешини од Армијата на школување во оваа престижна Академија.

Заменикот командант на академијата одржа брифинг пред генералот Лафчиски на кој го образложи системот на воено образование и обука во ОК, можните начини да се постане офицер, како и програмата за образование која моментално се изучува на Академијата.

Посетата на Сандхрст заврши со историска тура на просториите, запознавање со богатата традиција и обичаи на питомците на Академијата, како и просториите за обука и престој. ■

# Генерал-мајор Нуредин на годишен состанок на членките на СЕДМ

Заменикот на началникот на Генералштабот (ЗНГШ) на Армијата, генерал-мајор Азим Нуредин, минатиот месец во Софија (Република Бугарија), учествуваше на годишниот состанок на замениците на началници на Генералштабови, во рамките на процесот на соработка меѓу министерствата за одбрана на Југоисточна Европа (СЕДМ).

Со пригодни обраќања состанокот го отворија заменикот претседавач на СЕДМ, г-ѓа Виолета Николеску, заменик министерот за одбрана на Република Бугарија, г. Радостин Илиев и заменик началникот на Генерлштабот на Република Бугарија, генерал – потполковник Михаил Попов, во улога на домаќин.

Од друга страна, генералот Нуредин во своето обраќање најпрво се наврати на 25 годишниот јубилеј на СЕЕБРИГ, нагласувајќи дека тоа претставува доказ за колективната заложба на земјите членки, кои со нивната постојаност обезбедуваат оперативен успех на Бригадата за југоисточна Европа. Во таа пригода, генералот истакна дека императивот на овој процес останува во областа на мировните операции, хуманитарната помош, помош при катастрофи, како и приспособливост кон новите регионални и глобални предизвици.

Генералот Нуредин, дополнително потенцира дека македонската Армија останува посветена на зајакнување на интероперабилноста, поддршка на заедничките иницијативи и одржување на принципите на мир, стабилност и соработка што го поддржуваат СЕДМ процесот.

Инаку, СЕДМ е регионален процес за одбранбена соработка, започнат во 1996 година во Тирана (Република Албанија) со цел унапредување на безбедноста во Југоисточна Европа.

СЕДМ, денес има шеснаесет полноправни членки и преку промовирање добрососедски односи, зајакнување на заедничките одбранбени капацитети и поврзување со евро-атлантските институции, придонесува за стабилен регион. ■





# Одбележување на Денот на воздухопловниот ВИНГ

Со воена свеченост која се одржа во касарната „НХ Страшо Пинџур“ во Петровец, припадниците на воздухопловниот ВИНГ (вВИНГ) од составот на Командата за операции (КО) го одбележаа, 10 Јуни – Денот на единицата, ден кој симболично го одбележува првиот воен лет во историјата на Армијата во 1992 година и кој денес е институционален белег на военото воздухопловство на Армијата.

На свеченоста, покрај началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, присуствуваа командантот на Командата за операции, бригаден генерал Мирче Ѓоргоски, директорот на Генералштабот на Армијата, бригаден генерал Орце Јордев, претставници



од Министерството за одбрана, Генералштабот на Армијата, Командата за операции, команданти на единиците, поранешни команданти кои ја предводеле оваа структура во различни фази од нејзиниот развој, претставници од Министерството за внатрешни работи, Асоцијацијата на одбранбените аташеа, како и претставници од локалната самоуправа.

Началникот на Генералштабот, честитајќи го Денот на единицата, истакна дека со напорна работа и посветеност, воздухопловниот ВИНГ прерасна во респектабилна и целосно компатибилна единица, која функционира и се развива во согласност со стандардите на НАТО.

„Водени од критериумите за интероперабилност и оперативност, а во





рамки на долгорочниот план за развој на одбраната, со задоволство може да истакнам дека воздухопловниот ВИНГ е на пат да се модернизира со нови, современи воздухоплови, како и со најсофистицирани борбени системи и опрема за успешно водење на противвоздушна одбрана, со што ќе се зголеми и неговата борбена готовност", додаде генералот Лафчиски. Притоа, тој во оваа прилика ја истакна и исклучително важната улога на единицата за поддршка на цивилни институции и на граѓаните воопшто.

Во своето обраќање, командантот на воздухопловниот ВИНГ, полковник Драган Павловски, ја нагласи важноста на 10 Јуни како симбол на истрајноста, визијата и професионализмот на военото воздухопловство, кое успешно се развивало од самиот почеток, и покрај големите предизвици по осамостојувањето на државата. Тој потсети на клучните историски моменти и етапи во развојот на воздухопловната компонента, почнувајќи од првиот воен лет во 1992 година, преку набавката на хеликоптери и авиони, учеството во меѓународни мисии, модернизацијата и формирањето на Центарот за обука на пилоти. Тој упати благодарност до сите припадници на единицата за нивната посветеност и истакна дека военото воздухопловство останува клучен столб на одбранбените способности и доверлив партнер на Алијансата.

Во рамки на свеченоста беа доделени признанија и стимулативни мерки за припадниците кои се истакнале со особена посветеност и професионален ангажман. Присутните имаа можност да проследат и прелет на воздухоплови со кои располага воздухопловниот ВИНГ и прелет на авионот „Ф-16", воздухоплови на грчкото воено воздухопловство во рамките на редовното воздушно патролирање.

Во пресрет на одбележувањето на Денот на единицата, припадниците на вВИНГ организираа спортски активности, крводарителска акција и положија свежо цвеќе во знак

на почит кон трагично загинатите припадници на вВИНГ, чин кој сведочи за негувањето на духот на солидарност, грижа и институционално сеќавање.

10 Јуни останува симбол на континуитет, стручност и визија – темели врз кои се гради иднината на военото воздухопловство на Армијата. ■






# КЛАУЗЕВИЦ И РУСКО-УКРАИНСКИОТ КОНФЛИКТ



Пишува: д-р Ненад Танески

Карл фон Клаузевиц своите искуства од воената кариера и сознанија за динамиката на војувањето ги запишал во своето ремек-дело „За војната“. Можеби најголемата слабост во стратешкото размислување е планирањето како да се заврши војната, а особено пред да се започне. Во историјата е забележано дека огромниот притисок од водењето војна честопати ги спречува нациите сериозно да размислат како истата да ја завршат. Клаузевиц ја забележал важноста на ова прашање, посебно кога војната станува сѐ покрвава.

Затоа, според теоријата, а врз основа на политичките веројатности, потребно е на почетокот на војната да се утврди нејзиниот карактер и обем. Но, што би рекла теоријата на Клаузевиц, за најкомплицираниот дел - завршување на војната, а во случајот војната во Украина. Москва го обвини Киев за спроведување геноцид врз етничките Руси во источните украински провинции и тоа беше изговор за инвазијатата која требаше да ја „денацифицира“ владата во Киев. Целта беше да се уништи западно ориентираната украинска влада и да се замени со друга по мерка на руската влада.

Според Клаузевиц сите војни се водат за промена на режимот - она што го нарекуваме неограничена цел, или за нешто помалку од тоа - ограничена цел. Крајната цел е зачувување на сопствената држава и пораз на непријателската, постигнување на планиран мировен договор, кој ќе го реши конфликтот и ќе резулти-

ра со решение прифатено од двете страни. Војната е контролирана од нејзината политичка цел, а вредноста на целта мора да ги одреди жртвите што треба да се направат, во обем и во времетраење. Откако напорот за војување ќе ја надмине вредноста на политичката цел, целта мора да се отфрли и мора да следи мир.

Воените неуспеси на Русија не ги намалија нивните неограничени воени и највисоки вредности за освојување на Украина. Русија долго време се фокусираше на дискредитација на украинскиот суверенитет и на полагање претензии кон нејзината територија. Руските изјави од 2024 година дека војната е нивна судбина, прашање на живот и смрт, го одразува нивното верување во историската неопходност за поседување на Украина. Целите на Украина се исто така јасни – задржување на својата независност и територијален интегритет. Првата бара одбрана на државата од руски напади, а втората офанзивна акција за враќање на изгубената територија. Првата бара стабилна и конзистентна воена одбрана, а втората ќе бара успешни и одржливи офанзиви. Покрај воените предизвици, тука се и политичките тешкотии за мировно решение по нивна мерка кое треба да биде поддржано од нивните сојузници кои го снабдуваат голем дел од оружјето и муницијата со кое војува Украина.

Според Клаузевиц, основата за анализа за победа и завршување на војната е правилната употреба на воената моќ во неколку опции, а секоја од нив може да се искористи за надминување на волјата на непријателот. Една од опциите на Клаузевиц е уништување на непријателските сили, што честопати е предуслов за победа и постигнување на политичката цел. Иако Украина се стреми кон ограничена цел, а Русија неограничена цел - промена на режимот, обете се обидуваат да постигнат победа со уништување на непријателските сили. Украинците применуваат одбранбена стратегија на исцрпување со надеж дека ќе ја ослабат волјата или воените сили на Русија. Клаузе-



виц вели дека кога се користи воена сила, понекогаш не е можно целосно да се победи непријателот. Супериорноста што ја стекнува едната страна во војната е само средство, а не цел. Русија изврши инвазија, потценувајќи го својот противник и преценувајќи ја сопствената способност да ги спроведе своите планови. Немаше сила до крај да ги постигне своите оперативни, стратешки и политички цели, мораше да се откаже од некои добивки и стана жртва на украински контранапад, принудувајќи ја да се откаже од голем дел од своите добивки. На почетокот на војната, во Украина беше прогласена општа мобилизација, забранувајќи им на сите украински мажи на возраст меѓу 18 и 60 години да ја напуштат земјата. Но, возраста за регрутација остана на 27 години до 3 април 2024 година. Украина требаше веднаш да ја намали возраста за регрутација на 18 години и да изгради поголема армија. Ова ќе беше тешко, но поседувањето повеќе сили за офанзивата во 2023 година ќе значеше поголема шанса да ѝ зададе одлучувачки удар на руската армија. Русија направи слична грешка, првично ангажирајќи недоволни сили и вршејќи повремена мобилизација.

Според теоријата, дури и кога не можеме да се надеваме дека ќе го победиме непријателот целосно, директна и позитивна цел сè уште е можна, а тоа е окупација на дел од неговата територија. Целта на таквото освојување е да се намалат неговите ресурси, да ја намалиме неговата борбена сила, а ја зголемуваме нашата. Како резултат на тоа, делумно ја водиме војната на негова сметка, и обезбеден е адут во случај на водење мировни преговори. Русија заведе значителни делови од украинската територија, а за нив контролата на територијата е поентата на војната. Исчекување на непријателски напад е опција и за двете страни, но ова е патот кон долга, крвава војна, каде што ниту едната ниту другата страна веројатно нема да ги постигне своите политички цели. Украина не може да ја исчисти целата своја територија само борејќи се дефанзивно, а Русија не може да ја освои Украина без офанзивни дејствија.

Клаузевиц предупредува: „Дури и конечниот исход од војната не треба секогаш да се смета за конечен. Поразената држава честопати го смета исходот само за минливо зло, за кое сè уште може да се најде лек во политичките услови во некои подоцнежни времиња." Исто така, мора да се земат предвид разликите во завршувањето на војните водени за ограничени и неограничени цели. Секоја ситуација на мир е единствена како и секоја ситуација на војна. Променливите и нивните тежини се карактеристични за секој настан. Успешниот мир може да биде исто толку креативен колку и успешното војување. Постојат два фактори кои се клучни за да функ-

ционира мирот: формален договор и јасни и извршни услови. Според Клаузевиц крајната цел е зачувување на сопствената држава и пораз на непријателската, воспоставување на мировен договор, кој ќе го реши конфликтот и ќе резултира со заедничко решение. Клучот за обезбедување траен мир е формалното решение и мировен договор кој ќе ги реши проблемите што ја предизвикале војната. Некои го сметаат ова за најдобар пат кон траен мир, но ваквите договори се ретки од крајот на Втората светска војна. Примирје или прекин на огнот што ги запира борбите не е исто што и спогодба со која се завршува војната. Спроведувањето на условите од договорот може да биде потешко отколку нивното обезбедување.

Победата во војната не секогаш значи мир, што би можело да биде судбината на Украинско-рускиот конфликт. На пример, победите на демократски Израел над неговите генерално авторитарни соседи ја одржаа државата во живот, но не донесоа мир. Тоа што е неопходно за одржување на мирот е обновата на поразената држава, либерализација, градење институции, обезбедување безбедност. Демилитаризираните зони можат да помогнат во гарантирањето на мирот, особено ако се доволно големи за да ги држат двете страни разделени, како оние воспоставени во Голанската Висорамнина меѓу Израел и Сирија и меѓу Северна и Јужна Кореја.

Во оваа војна постои структурна симетрија помеѓу Украина и Русија: двајца лидери кои ги персонифицираат своите држави, се соочуваат еден со друг преку завојувани армии и организирано насилство, додека се обидуваат да ја задржат потребната поддршка од својот народ. Рамнотежата на моќта врз основа на способностите на секоја страна требаше да биде во корист на Русија и нејзината подобро опремена, подобро финансирана армија со поголема жива сила. Сепак, две недели по почетокот на офанзивата, човечките и материјалните жртви се чини дека беа поголеми на руската страна отколку на украинска, до тој степен што се убиени тројца генерали. Враќањето кон големи војни меѓу државите илустрира еден од фундаменталните закони на Клаузевиц кој вели дека одбраната е посилна форма на војна од нападот. Во овој контекст, кои се стратешките принципи на одбранбената војна и кои се факторите за успех што треба да се искористат и покрај првично неповолната рамнотежа на моќ?

Од чисто логична гледна точка, одбранбеното водење на војна има три главни принципи или предности. Прво, целта за зачувување на територијата и заштита на живите сили е полесно да се одржи со одбранбени отколку со офанзивни дејства. Оттука, одбранбеното водење војна не се стреми да ја порази моќта на противникот, туку треба да ги спречи неговите обиди да ги постигне своите цели. Одбраната е пред сè е организиран отпор. Потоа, со оглед на тоа што секој напад има тенденција да ослабне со текот на времето, времетраењето е на страната на бранителот. Одбраната не бара само избегнување или спротивставување на напади, туку треба да го претвори чекањето во можност. Постојаноста на стратешката одбрана значи трпелива реакција, со цел да се избалансира асиметричната рамнотежа на моќта и да се зголемат шансите за победа. Тактички кажано, употреба на шуми, мочуришта и планини од времето на Клаузевиц сега се преведува во мобилна одбрана и одбранбено војување при исцрпување во урбаните средини.

Главните фактори за стратешки успех во водењето на одбранбената војна се изненадувањето, доброто познавање на теренот, последователните напади, употреба на утврдени места, поддршка од месното на-



селение. Стратешко изненадување може да биде распоредувањето на повеќе сили и отпор отколку што очекувал напаѓачот. Тактички кажано, ова се сведува на поставување заседи, набљудување, прикривање на боковите и дезорганизација на непријателот, нанесувајќи максимални загуби. Познавањето на теренот ги олеснува извидувачките операции и предвидувањето на дејствијата на напаѓачот. Во тактичка смисла, познавањето на теренот помага да се намали мобилноста на непријателот, а против истовремени концентрични напади, одбранбеното војување развива низи од ексцентрични контранапади. Употребата на упоришта во современото војување се состои во утврдување на урбаните области благодарение на вештачки пречки.

Доколку украинските сили бидат поразени, одбранбената стратегија ќе мора да се продолжи во војна водена од цивилната одбрана. Специфичноста на ова војување лежи во она што Клаузевиц го нарекол одбранбена борба, при што борците претпочитаат офанзивни тактики и секогаш мора да избегнуваат да бидат принудени во тактичка одбранбена позиција од страна на нивниот непријател. Дефанзивната борба е ограничена на брзи напади кои никогаш не смеат да бидат принудени да се посветат на статична одбрана на одредена област. Одбранбената борба се заснова на еден герилски принцип кој важи без оглед на контекстот: тоа е борба без битка. Иако во украинскиот театар на војување се користат мноштво различни оружја, стратешката одбрана ја покажува тактичката важност на беспилотните летала „Бајрактар ТБ2", противтенковските ракети (NLAW , Javelin , Panzerfaust) и противвоздушните ракети но, исто така, и на сите средства што веќе се користеа за време на конфликтот во 2014/2015 година.

Доколку Украина успее да ја прекине руската офанзива, би можела да го врати поголемиот дел од територијата изгубена од почетокот на војната. За да се постигне овој исход, Украина мора да предизвика сериозно исцрпување на руските сили. Доколку пак Русија го пробие украинскиот фронт, би можела да преземе опасен чекор за да ги врати изгубените територии на Советскиот Сојуз и Руската империја од ерата на Железната завеса, што ќе претставуваат значителна закана за НАТО.

Руско-украинската војна ја илустрира флуидната природа на центрите на гравитација во конфликтот. Според друг познат теоретичар, Сун Цу, ако го познавате непријателот и се познавате себеси, не треба да се плашите од исходот од сто битки. Ако се познавате себеси, но не и непријателот, за секоја победа што ќе ја постигнете, ќе претрпите и пораз. Ако не го познавате ниту непријателот ниту себеси, ќе подлегнете на секоја битка. Затоа, стратегот кој сукцесивно го идентификува и го експлоатира центарот на гравитација на непријателот ќе постигне победа, а теоријата на Клаузевиц продолжува да обезбедува моќни алатки за анализа на Руско-украинската војна. Поточно, парадоксалното свето тројство може да ја објасни причината и последицата од промените на иницијативата. Војната е продолжение на политиката, но војната директно ја преобликува политиката за да ја одрази реалноста на бојното поле.

Брз крај на војната меѓу Русија и Украина е малку веројатен. Тоа што војната е продолжение на политиката со примена на други средства се подразбира само по себе. Посложена е нејзината врска со стратешката теорија. За Клаузевиц, стратешката теорија е изведена од проучување на вистинската воена историја преку процес што тој го нарекува критичка анализа. Резултатот е првично разбирање на минатите војни, образложение за постапките на секој воен лидер во историјата. Секоја војна има свои уникатни околности, дури и меѓу исти завојувани страни, а стратегијата е прашање на последователни дејства и реакции, многу од нив непредвидливи, така што војните можат да имаат повеќе варијации. Успехот во војната не е



прашање на примена на оваа или онаа стратешка теорија, ниту пак игнорирањето на едната или другата теорија неизбежно ќе резултира со неуспех. Стратешката теорија му помага на генералот кој ја води војната да учи од минатото. Воените лидери ќе го користат своето знаење, искуство и процена, но во одреден момент мора да проценат како ќе се одвиваат настаните. Кога се користат концепти како што се центри на гравитација или одбрана како посилна форма на војување, важно е да се препознае нивната меѓузависност со самиот тек на војната. Руската страна, на пример, можеби го игнорирала Клаузевиц дека одбраната е посилна форма на војување, потценувајќи го украинскиот отпор и преценувајќи ја руската сила. Но, никој не можел однапред да биде сигурен дека таквата погрешна процена би била клучна во војната. Како заклучок, важно е да не се гледа успехот или неуспехот во војната како доказ за валидноста или невалидноста на која било дадена теорија. Анализата на војната на Клаузевиц е вредна за разбирање на стратегијата до одреден степен на политиката на војната во Украина. Но, тоа не е формула за победа во војни. Овабара многу посложен и потежок напор за вложување ресурси врз противникот, во согласност со стратегиите што се оценуваат како релевантни. Клаузевиц напишал брилијантна анализа за стратегијата за војување и нејзините карактеристики, а не прирачник за водење војни.




# Стратегии за обновен интерес кон Африка – примерот на Велика Британија



Пишува: д-р Златко Кузманов

Африка, како најстар населен континент на земјата, повторно ги привлекува геополитичките интереси на највлијателните држави во светот. На што се должи новиот обновен интерес? За повеќевековното колонијално владеење на африканскиот континент има голем број анализи, текстови, трудови и истражувања во кои се опишани актерите, мотивите за колонијално владеење, начините, целите и интересите на колонијалните сили, како и негативните ефекти и последиците по колонизираните африкански народи и држави. Во трудот нема да елаборираме за тие феномени, туку ќе навлеземе во анализа за постоење на нова политика, нов пристап и нов обновен интерес на големите сили кон континентот. Познато е дека со векови наназад и со различен интензитет, развиените европски држави В. Британија, Франција, Германија, Италија, Шпанија, Белгија и Португалија, остваруваат свои интереси во Африка. Кон крајот на 20 и на почетокот на 21 век, свое економско, политичко и безбедносно влијание на африканскиот континент особено имаат Кина, како и Русија и САД.

За да зборуваме за Африка, најпрво ќе дадеме одредени општи податоци кои ќе го доловат значењето, потенцијалот и големината на овој континент за светот. Најстариот населен континент се протега на 4 временски зони и ги опфаќа климатските зони од северниот до јужниот умерен појас на површина од 30.224.550 км2, што е 20% од вкупниот копнен дел во светот и е втор светски континент по големина и според број на население после Азија. (За илустрација, територијата на Африка по големина е скоро еднаква на териториите на САД, Индија и Кина заедно). Во 54 држави (46 копнени и 8 островски) и една несуверена држава - Западна Сахара, живеат повеќе од 1 милијарда и 300 милиони луѓе, што претставува 15% од светската популација. Исто така, енергетските потенцијали на Африка се значителни. Африка поседува 8% од познатите светски резерви на нафта, 7% од светските резерви на гас, 4% од светските резерви на јаглен, 10% од хидрографскиот потенцијал во светот, 17% од резервите на ураниум, 15% на геотермалните потенцијали, 38% на изворите на енергија од ветер и има 300 сончеви денови во годината.

По стекнувањето независност на африканските држави, големите колонијални сили ја променија и ја адаптираа стратегијата за нивно по-

натамошно присуство на африканскиот континент. Во таа насока, интересен е пристапот на В. Британија, која по напуштањето на Европската Унија во 2016 година, донесе и нов стратегиски пристап кон Африка, или, како што го нарекуваат „новото партнерство со Африка". За В. Британија, по напуштањето на ЕУ се отворија можности и предизвици за нејзино самостојно позиционирање во меѓународните односи и политика, како голема сила која секогаш имала клучна улога и влијание на светските текови. Секако, важно место за В. Британија има остварувањето и развивањето на економска соработка, особено со државите од Комонвелтот, односно државите кои биле дел од Британската Империја. Велика Британија, всушност и ги нема целосно прекинато незините релации со државите од Комонвлетот, но сега, надвор од ЕУ, повторно има слобода сама да одлучува во која насока, со кој интензитет и со кои приоритети ќе ги развива нејзините национални економски, политички, дипломатски и безбедносни интереси. Редефинирањето на државните политики се однесува и на преиспитување на нејзината позиција кон африканските држави, при што не се мисли само на соработката со нејзините поранешни колонии. Во таа насока, може да се уочи дека владата на В. Британија има освежен и нов поглед во однос на континентот, развивајќи долгорочен пристап кој треба да се базира на партнерство и заемен интерес. Ваквиот пристап го најавил и британскиот државен секретар за Африка, Хариет Болдвин, кој во 2019 година ги претставил следните пет клучни приоритети на В. Британија за идна соработка со африканските држави: просперитет и економски развој; долгорочна безбедност и стабилност; демографијата и климатските промени во регионот на државите САХЕЛ и управување со природните ресурси.

Секако дека В. Британија како членка на ЕУ одржувала соработка со државите од Африка. Таа имала воспоставени трговски врски со Кенија и Боцвана. Исто така, В. Британија веќе придонесувала и во помошта за развој на Африка од страна на ЕУ, првенствено преку Европскиот фонд за развој, Европската банка за обнова и развој и Советот на Европа. Во 2015 година трговијата помеѓу ЕУ и Африка изнесувала 305 милијарди долари, од кои 36 милијарди се однесувале на трговијата со В. Британија. Преку програмата „Official Development Assistance" (ODA) на ЕУ, во Африка во 2016 година биле инвестирани вкупно 23 милијарди евра. Во оваа програма В. Британија учествувала со над 1,5 милијарди фунти помош за Африка, додека преку проекти на Европскиот фонд за развој (EDF), В. Британија спроведувала програми во Нигерија, Малави и Нигер. За новиот стратешки пристап за партнерство на В. Британија со африканските држави и за плановите за идна трговска соработка, зборува и посетата на британската премиерка во 2018 година. Тогашната премиерка Тереза Меј, при посетата на Јужна Африка, Нигерија и Кенија, потпишала декларација со Јужноафриканската царинска унија, со која била потврдена подготвеноста за економска соработка и партнерство, а исто таков договор бил потпишан и со Мозамбик. Британската премиерка, при посетата на Кејп Таун во 2018 година, во својот говор ја нагласила определбата на В. Британија за интензивна поддршка на развојните програми во Африка, при што потенцирала дека В. Британија има цел да стане најголем инвеститор во Африка до крајот на 2022 година. Конкретните проекти се однесуваат на обновливата енергија, за чија намена, на пример, на Замбија и биле одобрени 22 милиони фунти. Слични проекти биле одобрени и за Брегот на Слоновата Коска и за Сенегал. Во делот на трговијата, британската влада искажала подготвеност да ги искористи и нејзините најголеми предности, како што е светскиот финансиски центар „The City of London", со неговите правни и финансиски можности и услуги. Тоа значи нудење на „програми и проекти за споделување на вештини" од британските правни служби и од финансискиот сектор, во делот на откривање на финансискиот криминал, партнерства за технолошки иновации и за зголемување на растот во африканските држави.

Со идно вложување во државите кои претходно биле под француска колонијална управа, В. Британија има намера да ја развива економската соработка со повеќе држави во Африка. Од тие причини, во 2019 година, министерот за надворешни работи на В. Британија ги посетил Гана, Кенија, Нигерија и Сенегал, при што иницирал соработка во делот на безбедноста, воената обука и изучувањето на англискиот јазик, додека во државите Чад и Нигер се отворени нови амбасади.

Најавеното партнерство на В. Британија со Африка, преку дефинираните пет области: отворен инклузивен економски раст на Африка; безбедност и стабилност како фундаментална основа за луѓето и про-



споритетот; климатските промени и одржливо управување на природните ресурси; вложување во луѓето (образование, здравство и работа) и поголемо вклучување на В.Британија и присуство во регионот на САХЕЛ, добило своја потврда на Инвестицискиот самит помеѓу В. Британија и Африка, кој се одржал на 20 јануари 2020 година во Лондон. Британскиот премиер Борис Џонсон, како домаќин на Инвестицискиот самит, поздравил повеќе од илјада учесници, меѓу кои биле претседатели и премиери на африкански држави, нивни министри, високи претставници од бизнис-заедницата во Африка и В. Британија, инвеститори, меѓународни организации, финансиски институции и претставници од цивилното општество. Стопанствениците ги истакнале големите потенцијали на Африка. Се предвидува 8 од 15 растечки економии во светот да бидат од Африка, а до 2050 година, 1 од 4 глобални потрошувачи да биде од Африка. В. Британија искажала јасни амбиции да ја зголеми трговијата и инвестициите со Африка во областа на инфраструктурата, енергијата и малопродажната технологија, во вредност од 6,5 билиони фунти, со план да стане клечен трговски партнер за африканските држави. Според информации од Самитот, во 2019 година трговијата помеѓу В. Британија и Африка се зголемила за 7.5% или за 36 билиони фунти. Откако В. Британија излезе од ЕУ, обезбедила компаниите од 46 африкански држави да можат да продолжат да извезуваат роба во В. Британија и да плаќаат редуцирана нула тарифна стапка. За оваа погодност 11 држави веќе потпишале договори, додека за останатите 35 држави биле донесени законски уредби за трговско преференсни шеми. Бизнис-врските помеѓу В. Британија и Африка предвидуваат да се искористи потенцијалот на Африка како континентална слободна трговска зона со население од 1,3 милијарди. Според владата на В. Британија, Инвестицискиот самит помеѓу В. Британија и Африка ги поставил темелите за ново, обновено стратешко партнерство. Спомнавме дека еден од петте стратешки определби на В. Британија е долгорочната безбедност и стабилност во државите на африканскиот континент. Знаеме од минатото дека В. Британија одржува континуирано воено присуство на африканскиот континент. На почетокот на овој век, таква била инволвираноста во Граѓанската војна во Сиера Леоне од 2000 година, интервенцијата во Либија во 2011 година, како и распоредувањето на нејзини сили во Судан, како дел од силите на Обединетите нации (ОН). Британската армија е вклучена во програмите за обука на армиите на Нигерија и Кенија, во реформа на безбедносниот систем во Сомалија и во антитерористичката операција „Баркане“ против силите на ИСИС кои делуваат во државите во регионот САХЕЛ. Воената соработка на В. Британија со Франција, во регионот на САХЕЛ, укажува дека овој регион е од приоритет и за В. Британија и се очекува нивно долгорочно стратешко присуство. Остварувањето на националните интереси е нивен главен мотив, но исто така, воеthe присуство се обезбедува заради контрола и сузбивање на големиот број на вооружени конфликти. Сведоци сме дека на африканскиот континент во моментов се водат војни и вооружени конфликти во 11 држави (Нигерија, Централно Африканска Република, Бурунди, Конго, Либија, Јужен Судан, Конго, Мали, Сомалија, Етиопија и Западна Сахара), додека вкупно, во минатото се воделе војни во 48 држави.



Можеме да заклучиме дека големите сили никогаш целосно не ги прекинале релациите со државите кои биле нивни колонии, а подоцна независни држави, туку со различен интензитет го одржувале нивното присуство кое последната деценија добива нов интензитет и обновен стратегиски пристап. Примерот со В.Британија е интересен, бидејќи забележуваме користење на нов наратив кој повикува на соработка за остварување на заеднички интерес и за ново партнерство со африканските држави. Тоа е политика која има цел да и даде на Африка нова перспектива. Остварувањето на новата британска економска стратегија кон Африка, како и на останатите големи сили, ќе зависи и од состојбите во африканските држави, од нивната стабилност, желба за развој и за прифаќање на нови начини на економска поврзаност со западните држави. Исто така, ќе зависи од демократскиот капацитет на нивните лидери и избрани влади и од нивната решеност да се борат против авторитаризмот и корупцијата.

Африка, како еден од континентите со најмлада и најбрзо растечка популација, се менува забрзано. Да се надеваме дека до крајот на овој век иднината ќе му припадне на африканскиот континент, бидејќи според проекциите, до 2050 година Африка треба да брои над 3 милијарди население, така што ќе стане еден од најнаселените региони во светот. ■

# Традиционална активност по повод Денот на ОРОРСМ

Во организација на ОРОРСМ се одржа втората активност за оваа година, традиционалниот кондиционо-едукативен марш по повод 29 април, 73-годишнината од формирањето на Организацијата на резервни офицери (1952 година). Организатор и домаќин на оваа активност беше Градската организациона единица на Скопје, чиј претседател е резервниот потпоручник Никица Бангиева.



Активноста се реализира во атарот на Општина Чучер Сандево, Скопска Црна Гора. Појдовна точка беше Партизанскиот дом каде што се наоѓа и споменикот на народниот херој Александар Урдаревски-Станко, кој потекнува од тој крај.

Учесниците на активноста беа поздравени од претседателот на ОРОРСМ, Драгољуб Столески, командантот на Баталјонот на воената полиција, потполковник Зоран Станкоски, претставник на Генералштабот на Армијата и претседателот на ГОЕС Никица Бангиева, која воедно одржа информативно предавање за културно-историските и географски карактеристики на Општината Чучер Сандево, како и за животот и делото на народниот херој Александар Урдаревски-Станко.

Маршот се реализираше на релација Партизански дом Чучер Сандево – манастир „Свети Илија“, с. Бањане, во должина од 5 километри.

За време на маршот потполковникот Зоран Станкоски одржа предавање за географско-топографска и тактичка ориентација, одредување на стојна точка во однос на страните на светот, користење на рачна бусола „М-53“ и топографска карта. Предавањето се одржа во два дела, првиот на третиот километар од маршот и вториот на целната точка, манастирот „Свети Илија“.

Санитетското обезбедување на маршот беше покриено од Военомедицинскиот центар Скопје, додека подготовката и поделбата на ручекот во конакот на манастирот од страна на логистичката единица од касарната „Илинден“ Скопје. ■

# Одбележани значајни историски датуми



Негувањето и одбележувањето на значајните годишнини на настани и личности од подалечното и поблиско историско минато претставуваа приоритетна и континуирана активност на ОРОРСМ. Потврда на горспоменатото претставуваат и активностите на претседателот на Организацијата Драгољуб Столески и на ООЕ на ОРОРСМ од Делчево. По повод 120-годишнината од загинувањето на војводата Христо Узунов и неговата дружина, делегација на ОРОРСМ, предводена од претседателот Драгољуб Столески, присуствуваше на одбележувањето на настанот во село Цер. Делегацијата положи свежо цвеќе пред спомен-обележјето на војводата и останатите 12 загинати од неговата дружина.

Во атарот на село Вејце се одбележаа 24 години од свирепото убиство на осумтемина припадници на безбедносните сили на Македонија во воениот конфликт во 2001 година.

Пред спомен-обележјето, голем број делегации оддадоа почит и положија свежо цвеќе, меѓу кои и делегација на ОРОРСМ, предводена од претседателот Драгољуб Столески.

Во Делчево се одбележаа 80 години од победата над фашизмот и 75 години од Денот на Европа. Пред споменикот на паднатите борци во центарот на градот, членовите на КУД „Гоце Делчев“ подготвија пригоден реферат за НОБ во Македонија и победата над фашизмот, како и реферат за 9 Мај, датум кога Европа го одбележува својот ден како европски симбол.

Во рамките на одбележувањето, пред споменикот на паднатите борци се поклони и свежо цвеќе положи делегација на Општинската организациона единица на ОРОРСМ од Делчево, предводена од претседателот Светлана Илиевска. ■

# Оддадена почит на големиот македонски великан

По повод 122-годишнината од убиството на македонскиот великан, апостол на македонската револуционерна борба, идеолог, организатор и водач на македонското револуционерно националноослободително движење кон крајот на 19 и почетокот на 20 век, Гоце Делчев, делегации на општинските организациони единици на ОРОРСМ Куманово и Делчево му одадоа достојна почит.

Во знак на почит, делегација на Општинската организациона единица на ОРОРСМ Куманово, пред бистата на Гоце Делчев во дворот на СОУ Гимназија „Гоце Делчев“, со претставник на Собранието на ОРОРСМ од Куманово, Синиша Богдановски, положи свежо цвеќе. И во Делчево со пригодна свеченост се одбележа 122-годишнината од убиството на македонскиот револуционер и патрон на градот, кој со гордост го носи неговото име. Во рамките на одбележувањето, членовите на КУД „Гоце Делчев“ прочитаа пригоден реферат за животот и делото на македонскиот великан Делчев. Потоа, пред споменикот на револуционерот во центарот на градот се поклонија и свежо цвеќе положија голем број делегации, меѓу кои и делегација на Општинската организациона единица од Делчево, предводена од претседателот Светлана Илиевска. ■





Пишува: Тони Мицевски



# Значењето на приватното обезбедување во македонската држава

Пишува: м-р Ксенија Митева

Македонската држава за првпат целосно и институционално ги воведе различните облици на приватно обезбедување на лица и имот со донесувањето на Законот за обезбедување на имот и лица на 14 декември 1999 година. Со овој акт беа создадени законски правила и основи во однос на предметната материја, како вовед во отпочнување на процесот на практична имплементација за законските решенија во делот на обезбедување лица и имот.

Во декември 2012 година, Собранието на македонската држава донесе нов Закон за приватно обезбедување, кој подоцна претрпе измени и дополнувања во 2013 година и уште две измени и дополнувања во 2015 година, секако од објективни причини и како резултат на приспособувањето на македонското со европското законодавство.

Приватното обезбедување во македонската држава игра значајна улога за остварување на безбедноста на државата. Преку Комората за приватно обезбедување, која е централна институција во ова област, се остварува највисокото ниво на организациски дизајн на приватното обезбедување во земјата. Комората е формирана на 21.6.2000 година, со седиште во Скопје. Дејноста на Комората е насочена во правец на заштитување и унапредување на стручноста, професионалноста и деловноста на професијата обезбедување на лица и имот и истата е регулирана со Закон за обезбедување на лица и имот и подзаконски акти, а сега е регулирана со Закон за приватно обезбедување.

Комората за обезбедување на лица и имот претставува институција од јавен карактер со јасни овластувања дефинирани врз основа на закони. Комората претставува и професионално здружение. Таа својата дејност ја остварува преку организирање стручни испити за приватните обезбедувачи, издавање на лиценци за работа, потоа полагање на испити, создавање на легитимации за обезбедување, издавање литература, соработка внатре во државата и на меѓународно ниво, одржување на состаноци како и утврдување на кодексот.

Приватното обезбедување се регулира и се контролира од страна на Комората за приватно обезбедување, што придонесува за подобрување на безбедносната ситуација во државата. Ова обезбедување, не само што ги заштитува интересите на правните лица кои се обезбедуваат, туку придонесува и за целосно почитување на интересите

на државата и нејзината безбедност.

Приватното обезбедување во македонската држава функционира преку регулаторни механизми и контрола од страна на Комората за приватно обезбедување. Ова обезбедување се регулира со Законот за приватно обезбедување, кој поточно ги уредува правата и обврските на вработените во приватното обезбедување. Преку своите активности и мерки, Комората за приватно обезбедување игра значајна улога во регулирањето и поддршката на приватното обезбедување во македонската држава.

Работниците за приватно обезбедувње имаат овластувања и задачи за вршење на безбедносни активности како што се заштита на имот, лица и информации.

Во функција на подобрување на безбедносната ситуација во државата, приватното обезбедување игра значајна улога и се стреми кон изградба на оптимален, стабилен и одржлив безбедносен систем.

Значењето на приватното обезбедување во обезбедувањето на безбедноста на македонската држава се истакнува низ различни перспективи:

- на приватните агенции за обезбедување им се предлага да ги заменат стражарските служби во воените касарни преку јавно-приватно партнерство, што укажува на потенцијална промена во методите за обезбедување на безбедноста;
- приватните компании за обезбедување станаа вистински партнери на секторот за јавна безбедност во земјата, нагласувајќи ја нивната улога како значајни придонесувачи за севкупната безбедност;
- приватното обезбедување еволуираше како вистински партнер на секторот за јавна безбедност во земјата, со јасни придонеси за подобрување на безбедноста и функционирање како партнер во рамките за национална безбедност;
- развојот и регулирањето на приватното обезбедување играат клучна улога во безбедносната



слика на земјата, при што искуствата од минатите конфликти ја нагласуваат важноста од приватизацијата на безбедносниот сектор.

Сето ова ја нагласува важноста на приватната безбедност во безбедносната рамка на македонската држава, покажувајќи ја нејзината улога во развојот и партнерството со секторот за јавна безбедност за подобрување на севкупната безбедност и заштита во земјата.

Приватната безбедност има повеќеслојна улога во македонската држава, нагласувајќи го нејзиното партнерство со секторот за јавна безбедност, таа придонесува за зајакнување на безбедноста и потенцијално вклучување на иновативните пристапи за обезбедување на безбедноста во државата.

Покрај тоа што секоја држава има обврска на своите граѓани да им обезбеди одреден степен на заштита, има голем број граѓани кои од различни причини бараат некој да им обезбеди повисок степен на безбедност од она што вообичаено го обезбедува државата.

Приватниот безбедносен сектор не треба да се сфати како конкуренција на официјалните државни органи (суд, обвинителство, полиција, инспекциски органи), туку како современа потреба на општеството, деловните субјекти и граѓаните да ја подигнат колективната безбедност на повисоко ниво. Поаѓајќи од различноста на безбедносните ризици, чии форми понекогаш тешко се идентификуваат и обработуваат, јасно е дека апсолутна безбедност не постои. Во таа смисла, неопходно е да се разбере желбата на граѓаните и деловните субјекти да дизајнираат дел од безбедносните служби во согласност со нивните потреби.

Во македонската држава приватната безбедност е значаен фактор во вкупните односи за градење поволен безбедносен амбиент во државата и приватното обезбедување оди во сè подобар и поопфатен чекор во однос на прифатеноста од граѓаните.

Граѓаните на македонската држава сметаат дека приватното обезбедување треба да биде застапено во сите училишта, на јавни собири, на концерти, и само така би се чувствувале посигурни и би биле посмирени во врска со безбедноста и на нивните деца. ■





# Командирот на одделение: Клучна алка во обуката и војувањето



Пишува: главен наредник Горан Ќирковиќ

Во сложената структура на современите воени операции, командирот на одделение зазема критична позиција, претставувајќи витална врска помеѓу повисоките команди и војниците на фронтот. Ефективноста на секоја воена единица зависи од способноста на командирот на одделение да ги води, обучува и инспирира своите подредени. Оваа улога се манифестира преку лидерство, професионализам, менторство и разбирање на личниот живот на војниците. Со совладување на овие аспекти, командирот на одделение ја обезбедува подготвеноста и кохезијата на сопствената единица, што на крајот придонесува за успехот на мисијата.

## Лидерство - Основа на командувањето

Командирот на одделение мора да има развиено силни лидерски квалитети за ефективно да ги води војниците. Лидерството во војската не е само авторитет, туку претставува служба, следење и водство ориентирано кон мисијата.

Лидерство ориентирано кон подредените: Командирот на одделение мора да води со пример, давајќи им приоритет на благосостојбата и развојот на неговите војници. Тој гарантира дека неговите подредени ги имаат ресурсите, обуката и моралот, кои се неопходни за ефикасно извршување на мисиите. Тој се грижи секоја индивидуа во неговото одделение да биде обучена на највисоко ниво, воедно обезбедувајќи таа обученост да биде имплементирана во колективната подготвеност на одделението. Негувајќи ја културата на меѓусебно почитување и доверба, командирот на одделение создава кохезивна, обучена и мотивирана единица.

Субординација: Лидерството е неразделно од следбеникот. Командирот на одделение мора да биде дисциплиниран и доверлив подреден, кој ги извршува наредбите од командирот на водот, истовремено обезбедувајќи наредбите да се преточени во задачи за одделението. Демонстрирајќи лојалност и приспособливост, командирот на одделение го зајакнува ланецот на командување и оперативната ефикасност.

Лидерство за време на извршување на „Mission command“: Во борбени услови, односно при извршување на задачи ориентирани кон мисијата, командирите на одделение мора да спроведуваат иницијатива и одлучување под притисок. Тие мора брзо да ги проценат ситуациите, да донесат добри тактички одлуки, да влеваат доверба кај своите војници, а воедно да имаат и целосна поддршка од претпоставените. Ефективното лидерство бара рамнотежа на тактичко предвидување и приспособливост во реално време за да се обезбеди успех и безбедност на единицата.

## Професионализам и стручност во војувањето

Командирот на одделение е одговорен да се погрижи неговата единица да ги исполнува највисоките стандарди за борбена готовност. Ова бара детално познавање на воените тактики, вооружувањето и оперативните процедури.



Тактичко знаење: Командирот на одделение ги познава и ги применува тактиките на малите единици, вклучувајќи маневрирање, маскирање, прикривање и координирани напади. Неговата способност ефективно да ги извршува овие принципи може да значи разлика помеѓу успехот и неуспехот на мисијата.

Експерт со оружјето и опремата: Командирот на одделение ги познава и е експерт во ракувањето со сите видови на оружје и опрема која ја има единицата, Разбирањето на можностите и ограничувањата на оружјето и опремата на одделението обезбедува оперативна ефикасност. Командирот, во процесот на обука и оценување, се осигурува дека војниците се оспособени за употреба и одржување на целокупното оружје и опрема со која располага одделението.

## Мотиватор, ментор и советник

Надвор од тактичката експертиза, командирот на одделение служи како мотиватор, ментор и советник. Неговата способност да ги инспирира и води војниците е клучна за одржување на моралот и дисциплината.

Мотиватор: Способноста да се подигнат и охрабруваат војниците, дури и во најпредизвикувачки околности, е од суштинско значење. Командирот на одделение мора да ги препознае индивидуалните и колективните достигнувања, негувајќи култура на упорност и беспрекорност во обуката и извршувањето на задачите.

Ментор: Војниците бараат упатства за професионален раст и личен развој кај нивниот командир на одделение. Со поставување на високи стандарди и обезбедување на конструктивна повратна информација, командирот на одделение гарантира дека војниците напредуваат во нивните кариери и ги подобруваат своите вештини.

Советник: Покрај обуката, командирот на одделение на своите подредени им нуди совети за воена кариера, лични предизвици и решавање на конфликти во единицата. Неговата улога во обликувањето на личниот и професионалниот раст на војниците ја зајакнува кохезијата на единицата.

## Познавање на личните животи на војниците

Често занемарен аспект на улогата на командирот на одделение е неговото разбирање за личниот живот на војниците од одделението. Војниците не се само борци; тие се поединци со семејства, аспирации и предизвици надвор од службата. Командирот на одделение е личност која ги познава сите војници од одделението, нивните семејства, навики, афинитети и проблеми.

Разбирање на личните тешкотии: Командирот на одделение, кој е свесен за личните тешкотии на војникот, без разлика дали се финансиски, емоционални или семејни, може да понуди поддршка и совет. Оваа свест помага во обезбедувањето на менталната благосостојба на војникот и оперативната ефикасност.

Урамнотежување на професионалните и личните потреби: Со поттикнување на средина за поддршка, командирот на одделение обезбедува војниците да останат фокусирани на нивните должности, без личните проблеми да ја нарушат подготвеноста на единицата. Тимот кој работи со доверба и транспарентност е посилен. Покажувајќи искрена грижа за благосостојбата на своите војници, командирот на одделение негува чувство на лојалност и посветеност.

Командирот на одделение претставува незаменлива алка во воената обука и војувањето, премостувајќи ги стратешките цели со извршувањето на фронтот. Неговото лидерство, професионализам, менторство и личен ангажман со војниците се клучни за одржување на ефективна единица. Со совладување на овие квалитети, командирот на одделение, не само што обезбедува успех на мисијата, туку гради и силен, мотивиран и кохезивен тим, способен да го надмине секој предизвик на бојното поле. ■



# УРБАНАТА СРЕДИНА КАКО БОРБЕНА ЗОНА (Прв дел)



Пишува: Виктор Крстевски

Војувањето во населено место отсекогаш претставувало „жежок костен“ за секој командант, командир или војник, како во поглед на планирањето така и во поглед на изведувањето на борбените дејствија. Секое населено место(урбаноилирурално),независно од неговата големина и густината на населеност, претставува борбена зона која е дел од еден поголем простор наречен војувалиште. Војувалиште претставува простор на кој страните кои се во судир се подготвуваат и изведуваат воени операции со ангажирање на вооружени сили, односно простор на кој се одвиваат непријателствата. Најчесто војувалиштето како простор опфаќа една или повеќе држави споени во регион (Нашата земја според својата геостратегиска положба спаѓа во таканареченото јужноевропско боиште на европското војувалиште). Во рамките на војувалиштето помалите просторни делови се нарекуваат боиште или борбени зони. Боиштето е потесен

*„Секоја борба е опасна, меѓутоа борбата во урбана средина е исклучително опасна“*
*Character of Urban Operations for the U.S Army*

дел на војувалиште каде што се изведуваат воени операции, додека зоните во кои се изведуваат воените операции се нарекуваат подрачје на операции, каде што борбените зони го претставуваат потесниот простор на боиштето на кој се изведуваат тактичките борбени дејства. Секое боиште е опфатено со просторна рамка на оперативни дејства на бојното поле која се состои од:



заднинско подрачје, главно подрачје на борба и подрачје за осигурување.

Постои суштинска разлика помеѓу војување и борба во населено место, затоа што војувањето подразбира доктринарен пристап врз основа на егзактни податоци и постапки засновани врз военото учење преку примена на воената тактика како наука и вештина на организирање на војската, и се дефинира како збир на техники за користење и употреба на воени единици за борба против непријателот и негово поразување во борба (битка).

За разлика од војувањето, борбата може да се набљудува како сурова физичка пресметка, со или без употреба на оружје помеѓу поединци и групи за нивна физичка елиминација или потчинување со цел наметнување на власт и владеење (политичко, територијално, економско или друг облик на владеење).

Постојат 4 фактори за вооружена борба: луѓе, матријално-технички средства, простор и време. Во овој случај просторот како фактор за вооружена борба е опфатен со населено место кое претставува постојано или привремено живеалиште на заедница од луѓе, без оглед на големината, населението или значајноста на местото. Едно населено место може да биде група од неколку објекти, или, пак, велеград со околни предградија, каде што со овој поим се опфатени села, паланки, гратчиња и градови. Во нашата земја официјално постојат само два вида населени места, како што се село и град. Населените места се делат на урбани и рурални (од збиен или разбиен тип). Од посебно значење за војувањето во населените места се урбаните средини како специфични борбени зони, каде што урбаната средина се дефинира како населено место коешто е изградено според урбанистички план кој треба да опфати постоење на централно градско подрачје, комерцијален дел, станбени зони и комплекси, индустриски зони и комплекси, периферен дел (предградија), сообраќајна инфраструктура, водоводна и канализациона мрежа. Како објекти се сметаат сите видови ѕидани градби создадени од човекот, меѓутоа од воен аспект не постои опасен или неопасен објект, туку постои само проверен и обезбеден или непроверен и необезбеден објект.

Урбаната средина се состои од урбана зона (област) и урбано опкружување кои, всушност, ги претставуваат двата основни фактори кои влијаат врз борбата во урбана средина. Подетално, влијанието на урбаната зона (област) и урбаното опкружување се објаснети во FM 3-06, Urban Operations, Chapter 1-The Urban Outlook. Урбаната зона (област) се состои од сите природни и вештачки објекти кои се изградени од човекот, нивната меѓусебна поврзаност во населено место и влијанието врз живеењето и функционирањето на жителите. Урбаното опкружување се однесува на жителите како население (популација), опфаќајќи го нивниот меѓусебен однос и односот кон општествениот живот, бројноста на популацијата, просечната старост, образованието, културата, социјално-економскиот статус, политичката ориентираност (демократи, радикали и националисти и религиозната припадност (верски фанатизам и фундаметализам), лојалноста кон власта, институционалното функционирање и примената на правото, постоењето на криминални и терористички групи кои лесно можат да се придобијат како сојузници од некоја од завојуваните страни (криминалните групи се поврзани од интерес, заради профит, религиозните групи се поврзани со одредена идеологија) итн.

Ангажирањето на воените сили во изведување на борбени дејства во урбана средина се нарекува операции во урбана средина или урбани операции (MOUT- Military Operations on Urbanized Terrain). Урбаните операции (УО) се дефинираат како спектар од офанзивни и дефанзивни операции, како и операции за стабилизација и поддршка кои се планираат и се спроведуваат во област на операции која опфаќа една или повеќе урбани области (TC 90-1, Training for urban operations, page 1-1). Офанзивните операции во урбана средина се изведуваат во спектар на дејства опфатени со опкружување, движење, инфилтрација, пенетрација (продор) и напад, додека дефанзивните операции се состојат од подготовка на терен, обезбедување, прекинување, потиснување и флексибилност.

Урбаните операции се извршуваат кога треба да се обезбеди концептуализација на борбената моќ и се состојат од пет есенцијални компоненти: разбирање на урбаното војување и мисијата, планирање на активности и акции, ангажирање (самостојно и здружени) сили, консолидирање и транзиција како премин од еден во друг вид операција, од една во друга тактичка постапка. ■






# „Immediate



# Response 25"



# Во борба против дроновите со вештачка интелигенција



Пишува: Александар Стојчевски

Пентагон ја следи секоја достапна опција за да ги заштити американските трупи од зголемениот бран на противнички беспилотни летала (дронови), притоа вклучувајќи и роботски вооружени платформи со вештачка интелигенција.

Американските воени команданти со години тврдат дека евтините, лесно вооружени комерцијални беспилотни летала претставуваат најголема закана за нивните распоредени сили од појавата на импровизираните експлозивни направи за време на глобалната војна против тероризмот. Еден од значајните фактори што влијаат врз борбата против дроновите е цената. Многу системи кои моментално се користат сè уште се скапи во однос на релативно евтините беспилотни летала. Но, помеѓу скапата муниција, футуристичките, но комплицирани насочени енергетски оружја и сопствениот растечки арсенал на беспилотни летала, Пентагон сè повеќе размислува за едноставно решение за својот растечки проблем со беспилотните летала, а тоа е веќе присутниот митралез, но овојпат во комбинација со вештачката интелигенција.

Американската војска сака да го реши проблемот на особено исплатлив начин: стандарден митралез кој може да се контролира од далечина со помош на роботика. Оружјето, наречено „Булфрог“, во суштина е малку пософистицирано од митралезот „М240“ што се користи од страна на американската војска веќе половина век. Оружјето е комбинирано со нови сензори, дизајнирани да откриваат закани со помош на вештачка интелигенција. Според првичните тестови, системот треба да биде способен ефикасно да се бори против дронови кои напаѓаат.

Министерството за одбрана на САД тестираше автономен систем за роботски митралез со вештачка интелигенција, развиен од компанијата „Ален контрол системс“, наречен „Булфрог“. Тој е составен од митралез „М240“ со калибар 7,62 мм, поставен на специјално дизајнирана ротирачка платформа опремена со електрооптички сензори, сопствена вештачка интелигенција и софтвер за компјутерско нишанење. „Булфрог“ е дизајниран да испорачува оган од мало оружје врз цели на беспилотни летала со многу поголема прецизност од онаа што може да ја постигне американскиот војник со оружје како карабинот „М4“. Објавените снимки од „Булфрог“ во акција покажуваат дека системот монтиран на камион нанишанува и соборува мали дронови од небото со само неколку истрели. „Булфрог“ изгледа доволно ефикасен против цели на беспилотни летала и доколку Пентагон го усвои системот, тој ќе претставува прво јавно познато смртоносно автономно оружје во арсеналот на американската војска.

Соборувањето на мали, брзо движечки беспилотни летала е значаен предизвик, а армијата дури почна да интегрира вежби против беспилотни летала во нејзиниот основен режим на обука, што е дел од поширокиот напор таквата обука да биде „рутинска“ како и конвенционалниот тренинг за гаѓање.

Според некои експерти, најдобриот начин за борба против беспилотните летала е комбинација од напредна роботика и софистицирана вештачка интелигенција. Тешко е да се погоди нешто што лета толку брзо, но роботот може да го направи тоа со модерната компјутерска визија и со алгоритми за контрола на вештачката интелигенција.

„Булфрог“ може да обезбедува флексибилна заштита за поединечни возила во движење. Што се однесува до неговата автономија, тој е така дизајниран што човекот е вклучен со цел да се избегне потенцијален „неовластен ангажман“. Со други зборови, пушката нишани и следи цели, но не пука додека не им заповеда човечки оператор. Во иднина би можело целиот систем да работи автономно, притоа овозможувајќи војниците да се фокусираат на други, посуштински задачи за мисијата.

„Булфрог“ вооружената платформа е автономен систем, дизајниран да детектира, идентификува и неутрализира непријателски дронови. Оваа платформа е опремена со стандардниот митралез „М240“ 7,62 мм, има докажана кинетичка огнена моќ со напредни технологии за откривање и автономно вклучување. Митралезот е компактен и лесен, со тежина од околу 180 килограми, системот е добро приспособен за мобилни операции или за заштита на стратешки локации, како и за критична инфраструктура. Работејќи на стандардно напојување од 24V, „Булфрог“ лесно се интегрира со возилата на НАТО и може да работи во пасивен режим за да ги намали ризиците за откривање за време на распоредувањето.

Системот работи со помош на напреден софтвер базиран на „Линукс“, кој поддржува интеграција со системи и радари за команда и контрола од трети страни. Оваа отворена архитектура овозможува двонасочна комуникација на податоци и следење на цели. Користејќи база на податоци, системот обезбедува исклучителна точност на откривање со стапка на лажно негативна стапка помала од 2%. Исто така, располага со полуавтономни и целосно автономни оперативни режими, за да се спречат неовластени ангажмани. Дополнително, неговата способност за предвидување обезбедува голема веројатност за успех пред да пука, зголемувајќи ја оперативната ефикасност и безбедност.

Најголемата предност на „Булфрог“ се куршумите од 7,62 mm НАТО, кои се достапни во големи количини и кои, пред сè, се евтини. Еден истрел чини помалку од еден долар. Факторот трошоци е најголемиот проблем во одбраната од беспилотни летала досега, бидејќи дури и евтините конвертирани цивилни беспилотни летала претставуваат огромна закана. Напаѓачот секогаш има економска предност, бидејќи може да контролира маса на дронови за неколку стотици долари по единица, додека одбраната станува сè поскапа. Но, „Булфрог“ не треба само да пука облак од олово кон небото со голема брзина. Системот би требало да може да ги уништи дојдовните дронови со само неколку истрели. Ова, пак, ја зголемува способноста за преживување, бидејќи повторното полнење на оружјето сè уште го вршат војниците на терен, кои практично се без одбрана за време на оваа активност.

Војската има цел масовно производство на вакво одбранбено оружје, бидејќи многу од сегашните одбрани против беспилотни летала се или неефикасни или премногу скапи. Енергетските оружја кои гаѓаат дронови со ласери или микробранови се сметаат за можни алтернативи, но сите сè уште се во експериментална фаза. Се разбира, употребата на митралезот „М240“ нуди огромни предности: тој е достапен во големи количини, а војниците се обучени да го користат. Но, производителот веќе размислува следниот чекор да биде дополнително зголемување на дострелот и прецизноста. На крајот на развојот, неколку „Булфрог“ ќе се здружат едни со други и ќе отвораат оган врз беспилотни летала на координиран начин, така што целосно автоматски ќе заштитуваат цели воени конвои. Во секој случај, роботите наскоро ќе ја преземат контролата над воените операции и луѓето повеќе нема да мора да ги загрозуваат своите животи.

„Булфрог“ работи со минимална човечка интервенција, што го намалува времето на одговор и ја подобрува севкупната борбена ефикасност. Тој е единствен систем кој е способен автономно да открива, да следи, да идентификува и да неутрализира беспилотни летала, а интеграцијата на напредната вештачка интелигенција, компјутерската визија и софтверот му овозможуваат ефикасно да го користи стандардниот митралез „М240“. Усвојувањето на вакви автономни системи покренува прашања за зголеменото потпирање на такви технологии во борбени средини, но брзото ширење на вооружени беспилотни летала ја нагласува потребата од иновации како што е „Булфрог“. Овие решенија нудат одговор на современите воени предизвици, обезбедувајќи зголемени одбранбени способности против новите закани. ■





# РАДИОУРЕДОТ „9661 HF“ – СОВРЕМЕН КОМУНИКАЦИСКИ СИСТЕМ ЗА ТАКТИЧКИ И ОПЕРАТИВНИ ВОЕНИ МИСИИ



м-р Реџеп Мустафовски

Во време на брзи и комплексни воени ангажмани, прецизната и безбедна комуникација претставува клучна основа за успешно реализирање на задачите. Современите армии се потпираат на напредни дигитални решенија кои обезбедуваат сигурен пренос на податоци и глас, и тоа надвор од визуелната линија на видливост. Еден од најиновативните уреди кој ги исполнува овие барања е софтверски дефинираното радио „9661 HF“ (HF SDR), развиено за тактичка, возна и стационарна употреба.

Овој радиоуред ги покрива сите нивоа на воена комуникација – од тактичко, преку оперативно, до стратегиско ниво, овозможувајќи адаптација на терен и координација дури и во најпредизвикувачки услови. Со автоматска селекција на канал, фреквентно прескокнување и криптографска заштита, уредот овозможува стабилна и безбедна комуникација во реално време, без потреба од постојано техничко присуство.

## Општ опис и тактичко-технички карактеристики на радиоуредот „9661 HF“

Уредот „9661 HF“ е софтверски дефинирано радио (SDR) кое работи во високофреквентен опсег од 1.6 до 30 MHz, дизајнирано за тактичка, мобилна и стационарна употреба. Развиено со најнови технолошки решенија, уредот обезбедува безбедна гласовна и податочна комуникација, вклучувајќи фреквентно прескокнување, енкрипција и автоматско воспоставување на врска (3G ALE), што го прави идеално за средини со електронски нарушувања или без директна линија на видливост.

Овој уред поддржува аналогна и дигитална комуникација, вклучително и гласовно кодирање со MELPe алгоритам и овозможува пренос на податоци со брзина од 75 до 9600 bps (фиксен канал) и 300–1200 bps во режим на фреквентно прескокнување. Може да се конфигурира како преносен уред (20W), возен систем или фиксна базна станица (150W), со интегриран GPS приемник, автоматска дијагностика и далечинска контрола преку IP-мрежи или теренски кабел до 3 km.

Во контекст на тактички операции, уредот овозможува:

- брзо поврзување и координација меѓу единици, дури и во отежнати услови;
- заштита од електронски напади и пресретнување преку вградена енкрипција и фреквентна агилност;
- флексибилност во теренска поставеност со разновидни антени и опрема;
- интуитивен кориснички интерфејс, што овозможува користење од страна на персоналот со основна обука.

Со овие карактеристики „9661 HF“ претставува модерен комуникациски систем кој ги задоволува барањата на модерното бојно поле и е компатибилен со НАТО стандардите (STANAG 4538, 4591 и други).

## Влијанието на уредот врз тактичките и оперативните единици

Воведувањето на радиоуредот „9661 HF“ значајно го менува начинот на комуникација и координација во рамките на тактичките и оперативните единици. Благодарение на својата мобилност, безбедносни карактеристики и технолошка приспособливост, овој уред овозможува поголема брзина, доверливост и ефикасност при извршување на задачи на терен.

На тактичко ниво, радиоуредот им овозможува на водовите, четите и помалите формации, постојана и заштитена комуникација, без потреба од директна линија на видливост. Преку автоматско поврзување на каналите и ен-

криптиран пренос, единиците можат да разменуваат податоци и гласовни пораки со минимален ризик од електронско пресретнување. Ова значително ја подобрува способноста за реакција во реално време, брзо пренесување на наредби и флексибилно приспособување на борбените активности.

На оперативно ниво, командите добиваат алатка со која можат да воспостават стабилни комуникациски врски меѓу различни единици во пошироки региони. Уредот поддржува интеграција со други комуникациски мрежи, овозможувајќи размена на податоци меѓу пешадиски единици, возила, командни пунктови и базни станици. Со вградената синхронизација преку GPS, се овозможува координација на операции со висока прецизност.

На тој начин, уредот „9661 HF“ не е само радио, туку комуникациска платформа која ја зголемува ефикасноста, ги подобрува комуникациските капацитети и ги зголемува шансите за успешно завршување на мисиите, дури и во услови на технолошки ограничувања или електронски загрозени средини.

**Табела 1.** Придобивки од примената на радиото „9661 HF“ на тактичко и оперативно ниво

| Ниво на примена | Функционална придобивка | Опис на ефектот |
|---|---|---|
| Тактичко | Брзо поврзување на теренски единици | Намалено време за комуникациска синхронизација и реакција во борбени услови |
| Тактичко | Фреквентно прескокнување и криптографија | Заштита од електронско пресретнување и обезбедување доверливост на пораките |
| Оперативно | Автоматска селекција на каналот и самоорганизирачка поврзаност на мрежи | Поедноставен менаџмент на повеќе комуникациски јазли и командни пунктови |
| Оперативно | Поддршка за далечинска IP и радиокомуникација | Можност за координација на подвижни и стационарни единици, без ограничување по локацијата |
| Оперативно | Вградена GPS синхронизација и автоматски тестови на уредот | Прецизност при позиционирање и намалување на потребата од дополнителна логистика |

## Придобивки од примената на радиото „9661 HF“ на тактичко и оперативно ниво (2025 година – 2030 година)

Комуникацијата претставува основа на секоја успешна воена операција, без разлика дали се работи за теренска координација или за стратегиско управување. Примената на софтверски дефинираното радио „9661 HF“ значително ја менува динамиката на дејствување на тактичките и оперативните единици, овозможувајќи сигурен пренос на податоци и говор, дури и во отсуство на инфраструктура или во услови на електронска загрозеност.

Како што беше прикажано во Графиконот 1, ефикасноста на комуникацијата на тактичко ниво, со текот на времето значително се зголемува при користење на овој уред, од 10% во 2025 година, до над 50% во 2030 година. Овој пораст е резултат на можноста за автоматско поврзување, брзо распределување на уредот, заштита на комуникацијата и стабилност на сигналот во различни теренски услови. На тој начин се подобрува реактивноста на единиците, како и нивната способност да донесат навремени одлуки и да пренесат прецизни наредби.

Во Графиконот 2 се забележува уште поголемо зголемување на ефикасноста на оперативно ниво, достигнувајќи 60% до 2030 година. Ова се должи на можноста за вмрежување на различни комуникациски точки, поддршката за пренос на податоци преку IP протокол, далечинска контрола, и синхронизација со GPS. Резултатот е поедноставено управување со единици на поширока географска зона и можност за координирано делување со повисоки командни структури.

Врз основа на добиените резултати и анализата на можностите, можеме да заклучиме дека радиоуредот „9661 HF“ не е само алатка за комуникација, туку мултифункционален систем за поврзување, поддршка и интеграција на сите нивоа на воено дејствување. Неговата примена е особено значајна во борбени дејства, мировни мисии, теренски операции и итни интервенции, каде комуникациската стабилност и безбедност се пресудни за успехот на мисијата.

Поради тоа, неопходно е овој уред да се користи во различни типови на единици и во различни услови на дејствување, бидејќи неговата примена придонесува за зголемување на комуникациската автономија, можноста за приспособување и оперативната подготвеност на силите на терен. ■




*Графиконот 1 покажува континуирано зголемување на ефикасноста на тактичко ниво, каде „9661 HF“ овозможува брза комуникација меѓу водови и чети на теренот, намалувајќи го времето за реакција и зголемувајќи ја прецизноста на информациите.*




*Графиконот 2 илустрира раст на ефикасноста на оперативно ниво, каде се забележува поедноставено раководење со единици, поддршка при планирање на мисии и интеграција со повисоки командни структури.*



# Сајбер-фронтот: Новата линија на одбрана во модерното војување

Во минатото, зборот „војна“ асоцираше на тенкови, пушки и авиони. Денес реалноста е поинаква – војната се води и преку компјутери, сервери и алгоритми. Сајбер-фронтот стана четвртата димензија на одбраната, веднаш по војувањето на копно, во воздух и на вода. Модерните војни често започнуваат и се водат зад екранот, а нивните последици се подеднакво реални како и оние што се предизвикани од експлозии, бомби и ракети.

## Што точно значи сајбер-фронтот?

Сајбер-фронтот претставува дигиталното бојно поле каде што се одвиваат напади, шпионажа, саботажи и дигитално инфилтрирање, најчесто помеѓу држави, но и помеѓу други организирани групи. За разлика од физичката војна, овде оружјето не се гледа – тоа се малициозни кодови, „тројанци“, „ransomware“, DDoS-напади и други типови на хакерски интервенции.

Овој фронт е активен 24/7. Секоја секунда некоја институција, воена база или мрежен систем се обидува да се одбрани од дигитална закана. Зошто е тоа важно? Затоа што една успешна дигитална операција може да нанесе штета, еднаква на вистински напад: исклучување на електрична мрежа, прекин на комуникација или, пак, компромитирање на строго доверливи информации.

Сајбер-фронтот не е само теоретски поим. Тој стана централен дел на одбранбените стратегии во сите модерни армии.

## Најпознати примери од реалниот свет

### „Stuxnet“ – дигитална нуклеарна бомба

Во 2010 година светот ја виде моќта на сајбер-оружјето преку вирусот „Stuxnet“. Овој специјално дизајниран компјутерски црв беше создаден да нападне специфичен индустриски контролен систем – оној што Иран го користеше за збогатување на ураниум. Тоа не беше случаен напад. Целта беше прецизна, а резултатите драматични – стотици ирански центрифуги беа физички оштетени без да биде испукан куршум.

„Stuxnet“ ја смени играта. Покажа дека преку дигитално инфилтрирање може да се направи штета што порано беше можно само со конвенционално оружје. И, што е најважно, на тој начин се отвори пат многу држави да инвести-

Пишува: Ј. П.

раат во развој на сопствени сајбер-програми.

## Сајбер-војната против Украина

Од 2015 година па наваму, Украина е цел на масивни сајбер-напади – од исклучување на електричната мрежа до блокирање на владини веб-страници. Нападите во 2022 година, во периодот пред и после руската инвазија, го потврдија ова. На пример, нападот врз сателитската комуникација „Viasat" резултираше со прекини, не само во украинската војска, туку и кај цивилните корисници во Европа. Тоа беше дигитален удар што ја парализираше комуникацијата, отворајќи простор за физички напади.

Овие примери не се единствени. Напади врз НАТО системи, шпионажа во комуникациските мрежи, пробивање на доверливи податоци во американските и кинеските одбранбени системи – сите тие докажуваат дека дигиталната безбедност стана централна тема во глобалната безбедносна архитектура.

## Како реагираат армиите – еволуција на одбраната

Воените институции ширум светот реагираа брзо. Армиите основаа специјализирани сајбер-единици. Овие сили не користат оружје, туку кодови и алатки за анализа. Војската на САД, на пример, ја основа U.S. Cyber Command – целосно независен сегмент кој работи рамо до рамо со традиционалната воена команда. НАТО, пак, го создаде својот Cyber Operations Centre.

Во Израел, дигиталната одбрана е дел од воената служба – секој регрут поминува основна обука за сајбер-безбедност. Слично и во Естонија – земја која претрпе тежок напад во 2007 година, но денес е еден од лидерите во глобалната сајбер-одбрана. Тие развија систем на резервисти кои се специјалисти за ИТ, подготвени да помогнат во дигиталната агресија.

Многу држави веќе го вклучија сајбер-фронтот како приоритет во



своите безбедносни стратегии. Паралелно со тенковите, се набавуваат и алатки за дигитална анализа, firewall-системи, енкриптирани комуникации и алатки за сајбер-напад, затоа што најдобрата одбрана понекогаш е офанзивата.

## Критична нфраструктура – ранливоста што може да уништи системи

Сајбер-нападите секогаш не се насочени кон воени бази или шпионски системи. Напротив, една од главните цели се критичните инфраструктури: електрани, водоводни системи, железнички мрежи, болници, банкарски системи. Ако непријателот успее да ги наруши овие сектори, тоа ќе предизвика паника, хаос и ќе ја намали способноста на државата да се брани. На пример: напад на системот за контрола на воздушниот сообраќај може да ги приземји сите авиони, при напад на електрична мрежа – цел град останува без струја. Сајбер-фронтот го прави сето тоа да биде возможно без ниту еден истрелан куршум.

## Цивилите како тивка војска на сајбер-фронтот

Додека армиите се борат, граѓаните често не знаат дека и тие се дел од фронтот. Преку своите компјутери, паметни телефони и интернет конекции, цивилите можат ненамерно да бидат алатка во рацете на хакерите. Фишинг-пораки, слаби лозинки, невнимателно отворени линкови – сето тоа отвора врата за сајбер-напад. Затоа модерните држави инвестираат и во јавна едукација за сајбер-хигиена. Треба да знаеме дека не треба да отвораме сомнителен линк, да се користи двојна автентикација, да се ажурираат системите и да не се користи иста лозинка за секој профил. Ова изгледа едноставно но, всушност, тоа е најдобрата линија на одбрана.

*Сајбер-фронтот веќе не е иднина – тој е сегашноста на модерната безбедност каде што државите мора да бидат подготвени да се бранат, не само со оружје, туку и со знаење, технологија и постојана дигитална будност.* ■





# ТРАНСПОРТЕН АВИОН „Transall C-160“



Пишува: полковник Драган Павловски

Авионот „Transall C-160“ е воен транспортен воздухоплов произведен во 1960-тите години како заедничко вложување помеѓу Франција и Германија. Името на авионот „Transall“ доаѓа од германската кратенка на производниот конзорциум „Transporter Allianz“, кој ги опфаќа компаниите „MBB“, „Aerospatiale“ и „VFW-Fokker“. Првично бил развиен да ги исполни оперативните побарувања за модерен транспортен авион наменет за француските и германските воздухопловни сили. Авионот „Transall C-160“ останува во употреба повеќе од 60 години после првиот лет во 1963 година. Обезбедувал логистичка поддршка за операциите во странство и служел во специјализирани улоги како танкер за полнење гориво во воздух, собирање електронски разузнавачки информации и како платформа за комуникација. Овој авион е заменет во француските и германските воздухопловни сили со „Airbus A400M Atlas“ (европски воен воздухоплов, воедно најнапреден докажан и сертифициран воздушен транспортер кој ги комбинира современите технологии на 21 век ).

Авионот „Transall C-160“ е тактички транспортен воздухоплов со два мотори, дизајниран да извршува мисии за товар и транспорт на војници, како и воздушна испорака на материјали и опрема. Воедно бил дизајниран да биде компатибилен со меѓународните стандарди за товарење за да ја се поедностави логистиката и ракувањето со товарот. Еден аспект што се однесува на „C-160“ и што го направил да биде добро приспособен за тактички операции е неговиот краток приод за слетување на одредено место, вклучувајќи ја способноста за стрмно спуштање до 20 степени и слетување на патеки со должина до 400 метри, што е многу кратка должина за слетување на еден транспортен авион. Во зависност од конфигурацијата на авионот, тој може да носи до 88 падобранци, 62 носилки за повредени лица или да превезе до 93 борбено опремени војници.

## УПОТРЕБА

Авионот „Transall C-160“ бил употребен во 1974 година од страна на турските воздухопловни сили во Кипар за транспорт на војници, десант на падобранци и носење материјали. Во 1976 година, француските воздухопловни сили ги употребиле авионите за транспорт на марокански-те трупи и опрема во Заир за време на граничниот конфликт со Ангола. Во 1991 година, платформата била опремена за реализација на мисијата SIGINT (Signal Intelligence) и бил распореден како дел од придонесот на Франција за коалициските сили за време и после Заливската војна, како и за поддршка на зоната на забранети летови и ембаргото на Ирак. Во доцните 1980-ти години, авионите „C-160“ во состав на јужноафриканските воздухопловни сили биле од витално значење за распоредување и снабдување со војници во пограничниот регион и на позициите во јужна Ангола. Германската флота била користена за поддршка на мировните напори во Судан, а биле испратени и

за поддршка на присуството на мултинационалните меѓународни сили за помош во безбедноста во Авганистан. Од 2012 година, глобалната флота „C-160“ се приближува кон крајот на својот век на употреба. Во 2021 година, после 54 години употреба на авионот насекаде низ светот, службата на „C-160 Transall“ завршила во германскиот „Luftwaffe“.



## РАЗВОЈ И ДИЗАЈН НА АВИОНОТ

Во доцните 1950-ти години се појавила потреба да се заменат транспортните авиони кои имале клипни мотори, а биле во употреба во воздухопловните сили на Франција (Armée de l'Air) и Германија (Luftwaffe). Заинтересирани да се поттикне индустриската соработка помеѓу двете земји, Франција и Германија потпишале договор за развој на наследник на застарениот воздухоплов (познат како „Nord Noratlas“). Италијанската влада, исто така рано се вклучила во проектот за да ги исполни сопствените потреби за транспортен авион, но учеството на Италија во новата програма набргу било прекинато.

Конзорциумот „Transporter-Allianz“ или „Transall“, за дизајн на новиот транспортен воздухоплов, бил формиран во јануари 1959 година помеѓу француската компанија „Nord Aviation“ и германските компании „Weser Flugzeugbau“ и „Hamburger Flugzeugbau“. Оперативните побарувања на воените воздухопловства за нов авион биле да има капацитет за товар од 16.000 килограми, со долет од 1.720 километри, или втората варијанта била да носи товар до 8.000 килограми, со долет од 4.540 километри. Авионот требало да биде конструиран да може да работи надвор од полуподготвени писти за полетување и слетување. Во одреден период нарачките за производство биле одложени поради обидите на компанијата „Lockheed“ да го продаде својот транспортен авион „C-130 Hercules“ во Германија. Овие обиди биле одбиени, а веднаш потоа бил потпишан договор за авионот „Transall C-160“. Во текот на 1964 година биле нарачани 110 авиони за Германија и 50 за Франција. Според нарачките, производството било поделено помеѓу двете држави. Француската компанија „Nord Aviation“ ги изградила крилата и моторите, а изградбата на трупот на авионот и хоризонталната опашка, им припаднале на германските компании. Првите произведени варијанти биле испорачани во Франција и во Германија во 1967 година.



Кога се зборува за надградби и подобрувања на варијантите, подобрената втора генерација на „C-160“ била произведена во текот на 1980-тите години. Во јули 1977 година, Франција побарала да бидат изградени 25 авиони според подобрен стандард. Во овој случај производствената работа за новата варијанта била поделена 50:50 помеѓу „Aérospatiale“ (наследникот на компанијата „Nord Aviation“) и „MBB“ (која ги вклучувала претходните компании „VFW“ и „HFB“), со една линија за склопување во Тулуз. Модификациите на авионот се однесувале на вратата за товарење и дополнителни резервоари за гориво кои го зголемиле капацитетот на гориво од 19.000 литри на 28.000 литри. Авионот, исто така, бил опремен со ажурирана и подобрена авионика со значителни промени во инструментите, вклучувајќи ги навигациските и автопилотските системи. Во германските воздухопловни сили во текот на долгиот оперативен век на употреба, помеѓу неговото воведување и 1999 година, биле направени приближно 2000 модификации и надградби на типот, генерално поделени 60:40 помеѓу структурата и опремата, кои се однесувале на авиониката на авионот, системи за навигација и модерни системи за управување. Други подобрувања и дополнувања на типот вклучувале оклоп на делови од конструкцијата, системи за управување со електронско војување, системи за предупредување за приод на проектили и систем за предупредување од судир со други авиони при лет. ■



# „Challenger 3“ – смртоносна тупаница на оклопните сили на Обединетото Кралство (Challenger 3 Main Battle Tank, UK)

*Основниот борбен тенк „Challenger 3“ преку својата смртоносна моќ треба да ги модернизира копнените сили на Велика Британија.*



Пишува: Идриз Идризоски

„Challenger 3“ е нов главен борбен тенк (MBT) кој го развива „Rheinmetall BAE Systems Land“ (RBSL), заедничко вложување помеѓу британската компанија „BAE Systems“ и германската „Rheinmetall“.

Новиот тенк е надградба на тенкот „Challenger 2“, кој е во служба во британската армија од 1998 година.

Опремен со најновите дигитални подобрувања и оружје, новиот тенк ќе биде во првите редови на армијата за одвраќање на копнените сили на противникот.

Тенкот „Challenger 3“ ќе ги модернизира копнените сили на Велика Британија преку својата смртоносна моќ. Новата технологија вградена во тенкот ќе обезбеди огромни борбени способности во бојни простори исполнети со низа закани.

Министерството за одбрана на Велика Британија склучи договор вреден 800 милиони фунти со RBSL за конверзија на 148 тенкови „Challenger 2“ во конфигурацијата „Челинџер 3“ во мај 2021 година.

Тимот за одбранбена опрема, поддршка и борбени возила го надгледува спроведувањето на програмата „Challenger 3“ (CR3).

Првиот прототип на претпроизводниот борбен тенк „Challenger 3“ влезе во фаза на тестирање во јануари 2024 година. Во април 2024 година беше претставен осмиот прототип на борбениот тенк „Challenger 3“.

Сите прототипови ќе бидат тестирани во оперативни услови за да се потврдат нивните перформанси и да се направат потребните подобрувања.

Првичната оперативна способност се очекува во 2027 година, додека целосна оперативна способност е закажана за 2030 година. Тенкот „Challenger 3“ ќе остане во служба во британската армија најмалку до 2040 година.

## Дизајн и карактеристики на тенкот „Challenger 3“

Тенкот „Challenger 3“ се одликува со генеричка архитектура на возилото и нови дигитални станици за екипажот. Има бруто-тежина од 66 тони, што е за 1 тон повеќе од неговиот претходник. Тенкот е управуван од екипаж од четири лица, вклучувајќи командир, нишанџија, послужител и возач.

Целосно дигитализираниот тенк може да постигне интероперабилност со други борбени возила во баталјони со комбинирано оружје, а воедно овозможува и интеграција во

повеќе домени за споделување податоци.

Наменет за справување со мултидоменска војна, тенкот ја задржува својата способност да дејствува во крајбрежни средини за поддршка на идните командни сили на Кралските морнарички сили.

Тенкот, заштитен од сите временски услови, ќе има можности за директен оган и способност за противоклопни маневрирања.

## Системи за набљудување и нишанење

Главниот борбен тенк е опремен со подобрени примарни нишани од долг дострел за командирот и нишанџијата со автоматско следење на целта, има можност за пребарување и откривање во широка област (WASAD wide-area search and detection) и поседува дневни и термички режими за операции во текот на денот и ноќта.

Електронската и електричната архитектура на тенкот дополнително ги поддржуваат идните надградби, обезбедувајќи значителен потенцијал за раст во текот на наредните децении.

Компанијата „RBSL" склучи договор вреден 90 милиони фунти со „Thales Group", давател на услуги од областа на воздухопловството и одбраната со седиште во Франција, за панорамски и фиксни азимутни нишански системи за вооружување, како за командирот така и за нишанџијата на тенкот „Челинџер 3".

Компанијата „Thales" се согласи да испорача систем за обработка на сигнали, кој на тенкот ќе му обезбеди најсовремени можности за видеоследење, пребарување и откривање на цели во широка област - WASAD.

## Вооружување и самозаштита

На тенкот „Challenger 3" е поставен топ со мазна цевка од најновата генерација на „Rheinmetall L55A1" од 120 мм. Топот, под висок притисок може да испука куршуми со кинетичка енергија, независно од температурата и програмабилна повеќенаменска муниција од новата генерација,



вклучувајќи муниција со голема брзина, како што се високо експлозивни проектили.

Најновата технологија на топот и на системот за контрола на огнот дополнително ја оптимизира огнената моќ на тенкот.

Се очекува новата структура на куполата и на оклопот на тенкот да понудат супериорна заштита на екипажот.

„Challenger 3" е опремен и со систем за ласерско предупредување, систем за активна заштита и слоевита заштита, што му овозможува да идентификува дојдовни закани и истовремено да ги неутрализира.

Тенкот помина низ сеопфатна кампања за електромагнетно тестирање за да се обезбеди неговата издржливост на најсложените бојни полиња кои се заситени со сензори.

Подсистемите на куполата се произведени од „Pearson Engineering", производител на опрема од одбранбената индустрија со седиште во Велика Британија.

## Мотор и мобилност

„Challenger 3" е опремен со надграден и помоќен мотор и со подобрен систем за ладење на моторот.

Има систем за суспензија на хидрогас од трета генерација, што ја зголемува точноста на пукањето во движење.

Новиот борбен тенк може да достигне максимална брзина од 60 км/ч.

Со цел надградба на тенкот и справување со новите закани, вклучени се голем број на контрактори и подизведувачи на одредени системи на тенкот кои се со долгогодишно искуство и се докажани во својата област.

Со воведувањето на тенкот во оперативна употрена и со системи кои се технички адекватни за новите закани, се очекува „Challenger 3" да биде еден од најконкурентните главни борбени тенкови во светот.

Спецификации на тенкот „Challenger 3":

- должина: 8,3 метри;
- широчина: 3,5 метри;
- висина: 2,5 метри;
- тежина 66 тони;
- посада: 4;
- вооружување:
  1 x 120 mm Rheinmetall L/55 A1smoothbore gun
  1 x 7.62mm Boeing
  1 x 7.62mm GPMG L37A2 anti-air machine gun;
- автономија на опсег на пат: 450km;
- максимална брзина на пат/надвор од пат: 60 km/h.

Тенкот е дизајниран во 1980-тите години, а за првпат е произведен во 1983 година. Тој сѐ уште се произведува и досега се произведени повеќе од 1000 тенкови. Тенкот „ Challenger" е на служба во армиските сили на Велика Британија, Јордан, Оман и Укрина. Тенкот е употребен во заливските војни, во Косово, како и во украинско-рускиот конфликт. ■

# Лансер на гранати „М203“

Лансерот на гранати „М203“ според класификацијата припаѓа во групата на едноцевни, еднострелни пешадиски огнени оружја со кои се дејствува од рамо. Оружјето поседува калибар од 40 mm, а проектирано е да ја користи НАТО муницијата 40x46 mm. Во основа оружјето е мошне едноставно за обука и употреба, има голема боева моќ и голема прецизност, едноставно е за одржување и поседува голема сигурност на функционирање во сите временски услови. Може да се користи за уништување на непријателска жива сила, утврдени непријателски позиции, митралески гнезда, неоклопни и оклопни воени возила и други материјални средства на непријателот. За да се подготви за борбено дејство, лансерот на гранати „М203“, од левата страна се притиска лостот за ослободување на цевката, со цел да се помести напред и позади да се вметне гранатата, а оружјето е репетирано и подготвено за стрелба кога цевката ќе се врати во својата задна положба, односно со нејзиното враќање назад се репетира механизмот на чкрапалото. Лансерот на гранати „М203“ е составен од следните главни делови: цевка со ракофат и сандак. Цевката е изработена од легура на алуминиум, а внатрешно поседува 6 жлебови со десен од на ротација, чиј круг се затвора на 1.219 mm. Ракофатот е изработен од пластика, со цел заштита на ракувачот од изгореници од топлината при стрелба. Сандакот е изработен од едно парче легура на алуминиум со глодање на CNC машина, а е наменет за обединување на сите делови од оружјето и се користи за поврзување со пушката. Со цел заштита и зацврснување на алуминиумот, истиот се анодизира. Инаку, во склоп на сандакот се следните делови: механизмот за репетирање, чкрапалото со неговиот механизам, мануелната кочница, лостот за утврдување/ослободување на цевката, граничник за движење на цевката и држачите за поставување на јуришната пушка. Лостот на мануелната кочница е поставен пред чкрапалото и кога лостот е во задна положба, оружјето е закочено, а кога е напред е откочено. Штитникот на чкрапалото има можност да се движи нанапред зашто е фиксиран само на предната позиција. Граничникот за движење на цевката се користи за нејзино сопирање, односно да не излезе од нејзиното лежиште кога се движи напред. За потребите на лансерот на гранати „М203“, на пушката „М16А2“ се поставуваат два механички нишани. Едниот нишан е за директно дејство, а вториот за индиректно дејство. Нишанот за директно дејство е поставен на горниот дел од предниот ракофат и е наменет за нишанење од 50 m до 250 m, додека индиректниот нишан е поставен од левата страна, кај рачката за носење на пушката и може да се приспособува за нишанење од 50 m до 400 m. Оружјето „М203“ е приспособено за поставување на различни јуришни пушки, но може да се користи и



самостојно со додавање на заден кундак. Поставувањето на „М203“ на пушката „М16А2“ се изведува со помош на шрафцигер и трае околу 5 минути. Новите верзии од пушките „М203“ се поставуваат со помош на пикантини-шина. Боевите гранати стандардно поседуваат брзина на движење од 76 m/s и убиствен радиус од 5 m, а нивната боева глава, поради безбедност на стрелецот, се активира на далечина од 15 m до 30 m од стрелецот. Најприменети боеви гранати се:



**Пресек слика на „М203“**

1. Држач
2. Граничник за движење на цевката
3. Лост за утврдување и ослободување на цевката (со него се фиксира цевката за сандакот)
4. Исфрлувач на чаура
5. Држач
6. Механизам за репетирање
7. Алуминиумски сандак



Пишува: Ивица Дамески



високоексплозивните распрскувачки „М381“, „М386“, „М406“ и „М441“, потоа „М433 HEDP“, која поседува комбиниран боев проектил, кумулативен/високоексплозивен и распрскувачки, „М397 HE“



и „М397А1 HE“, кои поседуваат отскочна високоексплозивна распрснувачка боева глава и боевата грана „М576“. Од неубистевени боеви гранати се користи хемиската граната „М651 CS“, вежбовните гранати „М781“, „М407“, „М382“ и други. Од „М203“ се развиени моделите: „R0801“, „R0810“, „R0810008“ и „R0813“ со должина на цевката од 30.5 cm, „R0811“, „R0811002“ и „R0812“, со должина на цевката од 22.86 cm. Корисници на оружјето се над 60 држави во светот. ■



8. Штитник на чкрапалото
9. Чкрапало
10. Мануелна кочница
11. Ударна игла и повратна пружина
12. Извлекувач на чаура
13. Граната од 40 mm
14. Пластичен ракофат
15. Алуминиумска цевка

| Тактичко-технички карактеристики на лансерот на гранати „М203“ | |
|---|---|
| Калибар/ муниција | 40x46 mm НАТО |
| Должина | 38 cm |
| Должина на цевката | 30.5 cm |
| Височина (под пушката) | 8 cm |
| Широчина | 8 cm |
| Тежина, празен | 1.4 kg |
| Тежина, полн | 1.6 kg |
| Брзина на гранатата | 76 m/s |
| Практична брзина на дејство | од 5 до 7 гранати во минута |
| Максимален дострел | 400 m |
| Максимален ефикасен дострел на зонска цел | 350 m |
| Максимален ефикасен дострел на точкаста цел | 150 m |
| Минимална безбедност на стрелба при обука/ тренинг | 130 m |
| Минимална безбедност на стрелба при борбено дејство | 31 m |

# РАДАР ЗА ДЕТЕКЦИЈА И ЛОЦИРАЊЕ НА НЕПРИЈАТЕЛСКА АРТИЛЕРИЈА „STR 400-G“



потполковник Славчо Кузманоски.

Кога се зборува за историјатот на употреба на радарите за детекција и лоцирање на цели може слободно да кажеме дека нивната употреба најпрвин била во артилериските единици. Целта била рано и навремено да се предупреди за непријателскиот оган, со цел да се заштитат сопствените единици, за истото логично да се надоврзе со уште една важна способност на радарите, а тоа е да се откријат позициите на непријателските единици, односно позициите од каде што се истрелани или лансирани проектилите/ракетите. Основата за развој на радарите за детекција и лоцирање на цели претставуваат радарите за противвоздушна одбрана и радарите за контрола на огнот на борбените авиони. Способноста за друга примена на гореспоменатите радари била и практично увидена за време на Втората светска војна, кога операторите на радарите за противвоздушна одбрана и радарите за контрола на огнот на борбените авиони, во ситуации кога се наоѓале блиску до непријателските сили, можеле да ги детектираат и непријателските проектили на копнената артилерија за време на летот долж траекторијата на движење. После Втората светска војна развојот на радарите е во насока на зголемување на дострелот на детекција и зголемување на мобилноста на радарите. Овие радари стандардно емитувале C-band (5.25 GHz до 5.925 GHz), S-band (2.3 GHz до 2.5 GHz/2.7 GHz до 3.7 GHz) и X-band (8.5 GHz до 10.68 GHz) фреквенции. Радарот за детекција и лоцирање на непријателска артилерија „STR 400-G“ е проект на компанијата ASELSAN од Република Турција. Проектот е развиван во насока да се зголеми ефикасноста на артилериските единици врз цели од клучно значење како што се непријателските орудија на артилеријата кои секогаш се постојана закана на боиштето за сите инволвирани фактори. Радарскиот систем „STR 400-G“ е во оперативна употреба во турската армија. Радарот во себе интегрира и напредни системи за командување, контрола и комуникации. Основната задача на радарот е да ги лоцира огнените позиции на непријателските минофрлачи, ракетни системи и позиции на артилериски батерии како основни единици на непријателот. Дострелот на детекција на овој радар може да достигне и до 20 километри. Радарот може да се употреби и во мировни операции, со тоа што би детектирал нарушувања на прекини на оган помеѓу завојуваните страни, детектирајќи ги позициите од каде што се истрелани проектили или ракети. Поседува антена AESA (Active Electronic Scanned Array), со која може да покрие азимут од 360 степени. Главната предност на овој радар е тоа што покрај гореневедените детекции на позиции и локации, паралелно може да детектира и класифицира и беспилотни летала. „STR 400-G“ може да се монтира на триножец или да се монтира на моторно возило со модуларен продолжеток по висина. Радарот користи принцип на електронско скенирање по азимут и елевација. Во зависност од изведбата на моторното возило на кое е интегрирана радарската платформа, самото моторно возило може да биде од различен тип. Радарот може да работи и во отежнати услови на влага, прашина и неповолни метеоролошки услови. Отпорен е на удари и вибрации и може да биде управуван далечински. Софтверот кој го користи единицата за контрола на радарот е компатибилен со мапи DTED-2 (Digital Terrain Elevation Data). Понатамошниот развој и модернизација на радарскиот систем би бил насочен на зголемување на дострелот на детектирање и лоцирање на непријателски огнени позиции и воведување на нови софтверски решенија како дел од системот за командување, контрола и комуникации. Од отворени извори на компанијата може да се дојде до податок дека досега за потребите на турската армија се испорачани 56 радари. ■

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „STR 400-G“ | |
|---|---|
| Оперативна фреквенција | L band |
| Дострел на детекција | 20 км |
| Елевација | +/- 45 степени |
| Напојување | 24 VDC +/- 10% |
| Компатибилност | Компатибилен со воените стандарди MIL-STD-810 G и MIL-STD 461E |
| Температурен опсег на работа | -32 до +50 степени Целзиусови |
| Температурен опсег на чување и складирање | -40 до +60 степени Целзиусови |



# ОПЕРАЦИЈА „ВЕЗЕРИБУНГ“



Пишува: мајор Зоран Василески

## Почеток на операцијата

Германија ја покренала инвазијата на Данска и Норвешка на 9 април 1940 година рано наутро на Везертаг – Везер ден. Германците им рекле на владите на Норвешка и на Данска дека Вермахтот дошол со цел да ги заштити нивните земји како неутрални држави против француско – британската агресија. Истоварувањето било одредено на Везерцајт (везерско време), според германска временска зона во 05.15, а според норвешка временска зона во 04.15.

## Инвазија на данска

Данска, од стратешка гледна точка била важна за Германија како позиција со која би ја зазела Норвешка, а истовремено граничела со Германија, така што би морала да биде контролирана. Геостратешката положба на Данска на Балтикот била од огромна важност поради тоа што со нејзина контрола Германија би била господар на сите германски и советски пристаништа. Во раните утрински часови на 9 април, неколку дански единици се судриле со германските, при што претрпеле одредени загуби – 16 мртви и 20 ранети, додека Германците имале непознат број на жртви, со уништени 12 оклопни возила, мотоцикли и автомобили. Четири германски тенкови биле оштетени и бил срушен еден авион од типот „Хајнкел Не 111“ , а двајца германски војници биле заробени. На средбата на германскиот амбасадор во Данска, Ренте Финк, со министерот за надворешни работи на Данска, Минх, било побарано да се прекине данскиот отпор против германските трупи кои напредувале во заштита на Данска од француско-британските напади. Доколку Данска не ги прифатела барањата, Луфтвафе би го бомбардирал главниот град на Данска – Копенхаген.

## Мотиви за инвазија на норвешка и борбен поредок

Норвешка била важна за Германија поради две примарни причини, и тоа: прво како морнаричка база за подморници кои би ги напаѓале сојузничките превозни бродови, танкери и второ, за од норвешките пристаништа да се осигураат пратките на железна руда од северна Шведска низ пристаништето Нарвик. Поради тоа, Германија била загрижена од евентуалната блокада од сојузниците на патот на железната руда од Нарвик. Во инвазијата на Норвешка учествувал XXI корпус, под команда на генералот Фон Фалкенхорст ,кој бил составен од следниве главни единици:

- 163. пешадиска дивизија;
- 69. пешачка дивизија;
- 169. пешачка дивизија;
- 181. пешачка дивизија;
- 214. пешачка дивизија;
- 2 полка од 3. брдска дивизија.

На далечниот север, норвешки, француски и полски трупи, со поддршка на Кралската морнарица и Кралското воздухопловство, се бореле против Германците околу контрола на Нарвик, важно за железна руда, поради тоа што шведското пристаниште Лулео било замрзнато во зима. Германците биле отфлени од Нарвик на 28 мај, но поради ситуацијата во Европа, сојузничките сили и трупи се повлечени во друга операција. Германците повторно го превзеле Нарвик на 9 јуни.

## Германските односи со шведска и со финска

Операцијата „Везерибунг“ не вклучувала воен напад на Шведска поради тоа што немало потреба, но и поради опкружување на Шведска од север, запад и југ, а источно се наоѓал Советскиот Сојуз, кој им бил голем непријател на Шведска и на Финска. Шведската и финската трговија ја контролирал Кригсмарин. На 18 јуни 1940 година бил постигнат договор за одложување на опремата и вооружувањето на германските војници во Норвешка, за да стигнат преку Шведска до Германија. Така, преку шведската граница преминале вкупно 2,14 милиони германски војници, како и повеќе од 100.000 железнички вагони. Спогодбата е запрена на 20 август 1943 г. На 19 август 1940 г. Финска се согласила на слободен премин на германската војска преку нејзина територија, со спогодба потпишана на 22 септември 1940 г., така што биле пренесени војници и воена опрема, главно од северна Норвешка.



# ХАЈНЦ ГУДЕРИЈАН – модификаторот на „Блицкриг“



Пишува: потполковник Златко Блажески

Едно од препознатливите обележја на Втората светска војна е примената на воената доктрина „Блицкриг“ од страна на силите на нацистичка Германија. Креаторот на истата или подобро кажано модификатор, е воениот теоретичар и генерал Хајнц Гудеријан.

Животниот пат на овој воен лидер започнува во Кулм, поранешна Прусија, денес градот Хелмно во Полска, каде што на 17 јуни 1888 година е роден и Гудеријан. Самиот факт дека потекнува од семејство со воена традиција (татко му бил пензиониран генерал во пруската армија), строгата дисциплината и војничкиот позив едноставно му се всадуваат од самиот почеток на неговиот живот. Војничкиот живот и кариера ги започнал во 1901 година кога се запишал во средното воено училиште од каде што по завршување на истото се запишува во воената академија и во 1908 година е промовиран во чин потпоручник. Во 1912 година е поставен во телеграфска единица во состав на баталјон за врски. Во текот на Првата светска војна служи во оваа единица и стекнува практично искуство за значењето на врските/комуникацијата помеѓу единиците во борбените дејствија. Во текот на Првата светска војна учествува во неколку битки (Верденската битката, Првата битка кај Марна и др). После завршувањето на Првата светска војна Гудеријан е про-



мовиран во чин капетан. Периодот помеѓу двете светски војни е од особено значење за овој воен лидер затоа што го поставуваат на логистичка позиција каде од прва рака го согледува значењето на логистиката. По неколку години е поставен на штабна позиција (инструктор за тактика на моторизирана логистичка поддршка) во Генералштабот на нацистичка Германија. Овој период Хајнц го искористил за проучување на тактиките и употребата на оклопните единици. Во овој период, поточно во 1937 година, ја напишал и книгата „Внимание тенкови" во која го опишува концентрираното употребување на оклопните единици во содејство со пешадијата и користењето на воздухопловството во својство на блиска воздушна поддршка.

На почетокот на Втората светска војна Хајнц Гудеријан е унапреден во генерал-мајор и е поставен за командант на XIX армиски корпус. Успешноста на „блицкригот" и лидерските способности на Гудеријан станаа евидентни при инвазијата врз Полска и Франција при што се создало чувство на страв и немир во редовите на противниците. Во текот на војната Хајнц игра клучна улога во почетните успеси на нацистичките сили, а подоцна учествува и во операцијата „Барбароса" - напад на Русија каде командува со централната армиска група. Во текот на оваа операција, поради несогласувањата со одредени ставови на Хитлер и со дел од неговите генерали околу самиот нападот на Русија, тој бил повлечен во Берлин. После повлекувањето од боиштето бил поставен за главен инспектор за развој на оклопните сили, за производството на оклопни возила, како и за самиот процес на обука. Гудеријан во 1944 година е поставен за началник на Генерал штабот, но тоа нема некое особено значење заради фактот дека во тој момент со сите сили раководел Адолф Хитлер. Во овој период, согледувајќи го развојот на фронтот, Гудеријан оформил план и замисла за зајакнување на фортификациите во источниот дел на државата со цел да се спречи прогресот на Русија. Но, за жал, не наишол на поддршка и планот пропаднал. Гудеријан е заробен од страна на сојузничките сили, конкретно од американските вооружени сили на 10 мај 1945 година и бил осуден на 3 години затвор.



По завршувањето на затвореништвото Хајнц се посветил на пишување и пренесување на искуствата кшто ги стекнал за време на војната. Во овој период ја напишал книгата „Сеќавањата на еден војник". Гудеријан починал на 14 мај 1954 година во Швангау, оставајќи зад себе комплициран траг и обележје. Во историјата, од една страна на него се гледа како на исклучително добар воен стратег и лидер, но неговата поврзаност со нацистичкиот режим остава темна дамка на неговите достигнувања.

Неговиот стил на командување и раководење бил исклучително директен, со особено кратки и јасни наредби и насоки. Ставовите што ги имал Хајнц Гудеријан кон водењето на битките и воените кампањи се дека, пред секоја активност потребно е добро да се согледа ситуацијата пред да се започне со акции, бидејќи само на тој начин се зголемуваат шансите за успех. Познати изреки од овој воен лидер се: „Нема очајни ситуаци, има само очајни луѓе" и „Делата зборуваат погласно од зборовите". „Во деновите кога божицата на победата ќе ги даде своите ловори на победата, ќе им ги даде на оние кои се подготвени да дејствуваат со смелост".



Како општ заклучок за овој воен лидер, гледано низ призмата на воената наука, е дека Хајнц Гудеријан е личност која успешно има извршено трансформација на одреден начин на војување со користење на техниката и нејзините можности. Со своите погледи и визии успешно го трансформирал традиционалното рововско војување во нова подинамична и покомплексна димензија, со што влијаел врз многу идни воени стратегии и лидери. ■

# Епопејата на Ножот





Пишува: проф. д-р Виолета Ачкоска

Длабоко во колективната меморија на македонскиот народ остана вржана битката на Ножот, најславниот и најкрвавиот настан што се случил во периодот по Илинденското востание. Стотина македонски комити им се спротивставиле на турската сила од 3000 војници, а последните од нив завршиле со чинот на саможртва.

Во почетокот на јули 1907 г. раздвижени чети на ВМОРО се распоредуваат низ Прилепскиот Регион како засилување за борба против сè поагресивните пропаганди на соседите и против турските власти кои вршат одмазднички акти низ востаничките региони. На планината Бабуна, во реонот помеѓу селата Попадија – Никодим – Ракле се групирале организационите чети на Тане Николов, Михаил Чаков, Христо Цветков, Петар Ацев, Мирчо Најденов и Горги Мариовски, со околу 150 четници, придружени од 300 души милиција. На 11 јули собраните чети го опседнале селото Никодим за да се справат со навлезените српски пропагандни вооружени чети. Отстапувајќи пред налетот на македонските комити, српските чети прибегнуваат кон предавство, давајќи им на турските власти детални информации за движењето на организационите чети. Така, добро информирани, војските од Битола, Прилеп, Воден, Лерин, Тиквеш и Велес добиваат наредба веднаш да навлезат на планината Бабуна и да ги ликвидираат бунтовниците.

Прилепскиот градски револуционерен комитет, дознавајќи за акцијата подготвена од властите, им соопштила на четите да се повлечат кон Мариовско. Притоа, проценувајќи ги сопствените сили, но и за да не се создаде малодушност кај комитите, војводите го одолговлекувале повлекувањето, очекувајќи да пристигне војводата Иван Наумов-Алабакот со неговата чета. Војводскиот совет, следејќи го



внимателно движењето на агентите на пропагандата и очекувајќи го пристигнувањето на турските војски, ги поделиле силите на две групи: првата, составена од четите на Тане Николов, Петар Ацев и Ѓорѓи Мариовски, заедно со целата милиција ја зазеле височината Попадиски Чукари, а втората група, составена од четите на Михаил Чаков, Христо Цветков и Мирчо Најденов, го зазема врвот Ножот, во близината на селото Ракле. Оттаму, две групи од по 8 души, под водство на војводите Секула Ореовдолски и Велко Попадичето, заминуваат во извидница на врвот Јасенова Глава, меѓу селата Никодим и Владиловци.

Повикани по брза наредба, војводите Чаков, Цветков и Најденов доаѓаат на совет кај војводите од првата група, назначувајќи го за привремен војвода на Ножот секретарот на велешката чета, Петко Стојчев. Истата ноќ, со засилен марш, во Попадија, како помош на здружените чети пристигнува и четата со 50 борци на Иван Наумов-Алабакот. Извидничката обиколка на четниците го информирала Советотот за опасноста која се приближувала. Веднаш се издала наредба сите сили да се приберат на Попадиската воденица. Истовремено, со куририот на војводскиот совет, на Ножот пристигнува и куририот на Велко Попадичето, којшто им соопштил за брзото движење на турските војски кон врвот.

По заминувањето на војводите за војводскиот совет, на Ножот останале вкупно 54 четници. Меѓу нив била и целата Костурска чета на војводата Христо Цветков. После неговото заминување од советот, привремен раководител на четата станал неговиот помошник Атанас Попов, родум од костурското село Шестеово, 19-годишен млад човек со неверојатна храброст. Кон истата чета се приклучил доброволно и воениот питомец Трендафил Думбалаков, родум од солунското село Сухо, врсник на Атанас Попов, кој исто толку бил храбар. Во моментот кога куририте ја предале наредбата на војводскиот совет, Атанас Попов и Трендафил Думбалаков од името на костурчани изјавиле дека таа наредба е неприфатлива и дека тука дошле да се борат, а не да се повлекуваат.

Немоќни да ги убедат, така одлучни и силни, куририте се збогувале со своите другари, свесни дека е тоа последното збогум. Кон одлуката на костурчани јавно се придружиле и Петко Којчев и Најдо Арсов од село Папрадиште. Наредбата на војводите да се повлечат и да се спасат, никого не го поколеба. Останаа сите до еден да се борат и да умрат за Македонија. Знаејќи дека ова им е последната битка, дека им е тоа последното видување пред смртта, сите се прегрнале и се бакнале пред битката, да си дадат сила еден на друг да истраат до крај. Сите биле решени да загинат храбро и чесно во борба, да не отстапат пред непријателот и да ја исполнат заклетвата дадена пред Организацијата: Слобода или смрт!

Еден по еден четниците заземале положба за борба. Куририте кои се враќаа назад кон војводскиот совет на Попадиските Чукари, веќе ја гледале илјадната турска војска како напредува кон врвот. Тие им ја соопштиле на



војводите безумната одлука на сите борци да се борат до смрт. Сите патишта кои водеа кон Ножот биле исполнети со непријателски војници, а огромни воени единици стигнале и до Попадиските Чукари. На 14 јули, од сите страни синџири од непријателски обрачи сè повеќе се приближувале кон врвот Ножот. Започнала жестока борба. Истовремено се водела борба со непријателот на Попадиските Чукари, со цел да се им се олесни борбата на другарите на Ножот. Турскиот заповедник Енвер-бег побарал од македонските четници да се предадат, но никој не помислувал да се предаде.

Непријателските обрачи се стегале околу комитите кои возвраќале. Во дождот од куршуми, многумина паднале мртви, а другите продолжиле да се борат со тешки рани, сè до пладне. Последните бомби ги чувале за крај. Врз нив легнале и преживеаните и ранетите. Се слушнала силна експлозија. Турските војници речиси се стаписале од идеализмот и себежртвувањето на групата борци. На боиштето останале телата на 34 комити од Костурската чета, десет комити од Велешката и уште толку од Прилепската чета, вкупно 54 комити. Восхитен од нивната саможртва, турскиот офицер Енвер-бег им наредил на своите војници со плотуни и триминутно молчење да им оддадат почит на загинатите.

Истиот ден кога се водела крвавата битка на Ножот, неколку македонски чети се бореле во околината за да им обезбедат отстапница на другарите. Притоа, загинале уште 23 други комити – 11 на Попадинските Чукари, шест на Јасенова Глава, четворица изгореле во трлата што ги запалил аскерот во Бели Полјани, двајца биле фатени живи, едниот обесен во Велес, а другиот во Кавадарци. Тој пеколен јулски ден загинале вкупно 77 македонски комити.

Херојството на врвот Ножот го овековечил италијанскиот капетан Џузепе Луциј, кој по битката ги снимил распарчените тела на комитите. Неговата фотографија го обиколила светот и немало весник што не ја објавил и што не пишувал за македонските херои: „Изгореа во пламенот на својата сопствена љубов кон поробената татковина“. ■



*Како војниците да изградат ментална сила за справување со предизвици*

# ПСИХОЛОШКА ОТПОРНОСТ – ТАЈНАТА НА ИЗДРЖЛИВИТЕ ВОЈНИЦИ



проф. Александар Грижев

## Што е психолошка отпорност?

Психолошката отпорност (англ. resilience) претставува способност на поединецот успешно да се приспособи и да закрепне од стресни ситуации, кризи или трауматски настани. Во воена средина тоа значи дека војниците можат ефективно да се справат со стресот, да ја зачуваат својата ефикасност и брзо да закрепнат после тешки и предизвикувачки ситуации.

Отпорноста не подразбира отсуство на проблеми или стрес, туку способност брзо и ефикасно да се надминат и да се контролираат емоциите и реакциите кои произлегуваат од нив. Оваа способност може значително да го подобри менталното здравје и оперативната подготвеност на војниците.

## Зошто психолошката отпорност е важна во војската?

Воената служба постојано ги изложува војниците на психолошки и физички стрес. Војниците редовно се соочуваат со притисок, неизвесност и ситуации кои бараат брзи и прецизни реакции. Без развиена психолошка отпорност, ризикот од намалување на оперативната ефикасност, емоционално исцрпување, анксиозност или долгорочни психички последици значително се зголемува.

Студиите во НАТО армиите покажуваат дека единиците кои систематски градат психолошка отпорност имаат значително повисоки нивоа на морал, пониски стапки на психолошки проблеми и подобра оперативна ефективност во извршувањето на мисиите. Пример за ова е искуството од меѓународните мисии, каде единиците со поголема психолошка подготвеност покажуваат поефикасна реакција, но и побрзо закрепнување после конфликти или кризни ситуации.

## Како се гради психолошка отпорност?

Градењето на психолошка отпорност е процес кој може да се подобри преку следниве чекори:

1. Препознавање и разбирање на стресот: Првиот чекор е војниците да ги препознаат симптомите на стрес и нивното влијание. Едукацијата за стрес и анксиозност овозможува подобро управување со нив кога ќе се појават.
2. Развивање стратегии за справување: Војниците треба да научат

техники како што се длабоко дишење, релаксација, позитивно самоговорење или техники за управување со вниманието. Овие стратегии помагаат да се контролира емоционалната реакција во критични моменти.

3. Поддршка од командниот кадар: Поддршката од старешините и командниот кадар е клучна. Отворена комуникација и „психологизацијата“ на командниот пристап може значително да ја подобри менталната состојба на војниците и да ја зајакне нивната психолошка отпорност.
4. Групна солидарност и кохезија: Единиците кои имаат силна внатрешна кохезија полесно се справуваат со стрес и криза. Тимската солидарност, заемната поддршка и заедничката свест за мисијата ја подобруваат психолошката отпорност на групата.
5. Континуирана обука и симулации: Редовните вежби и симулации кои вклучуваат дозирано стресни сценарија им помагаат на војниците да се навикнат на предизвици и да ја развијат потребната психолошка издржливост. Тие овозможуваат реалистично тестирање на капацитетите и подобрување на реакциите на стрес во контролирана средина.

## Улогата на воените психолози

Воените психолози имаат клучна улога во развивањето на психолошката отпорност на војниците. Тие, не само што обезбедуваат директна психолошка поддршка, туку организираат и специјализирани програми и обуки за градење на психолошки капацитети. Во многу армии ваквите програми веќе се стандардизирани и покажуваат значителни резултати во подобрувањето на борбената готовност и менталната стабилност на персоналот.

## Заклучок

Психолошката отпорност е суштинска компонента на модерната војска. Таа, не само што овозможува поединците подобро да се справат со стресот, туку и ја подобрува целокупната ефикасност и безбедност на единиците. Преку систематски пристап, едукација и поддршка од командниот кадар и воените психолози, армијата може да изгради посилни, поотпорни и поефикасни војници подготвени за секакви предизвици. Градењето на психолошка отпорност не е краткорочен проект, туку долгорочна инвестиција во најважниот ресурс на секоја армија – човечкиот потенцијал. ■







# ВОЕНИ НАЦИОНАЛНИ ОГРАНИЧУВАЊА – ПРАВНА РАМКА И ИМПЛИКАЦИИ



Пишува: Милорад Будимир

Воените национални ограничувања претставуваат комплексен феномен што произлегува од суверенoто право на секоја држава да ги утврдува и да ги спроведува сопствените безбедносни политики. Според



меѓународното право секоја земја има дискреционо право да регулира дали, кога и како ќе учествува во воени дејства, било еднострано или во рамките на меѓународен сојуз или мисија. Овие ограничувања најчесто се уредени со устав, закони за одбрана, со актите за меѓународна соработка и со стратешки документи за национална безбедност. Тие можат да се однесуваат на забрана за ангажирање на вооружени сили надвор од територијата на државата, условеност на употреба на сила, ограничување на командна надлежност од страна на странски субјекти или рестрикции за размена на разузнавачки податоци.

Во рамките на еѓународните воени сојузи, како што е Север-



ноатлантската алијанса (НАТО), овие ограничувања често водат до т.н. caveats – конкретни ограничувања кои државата членка ги поставува врз сопствените сили, притоа влијаејќи врз оперативната флексибилност на Алијансата. Тие можат да бидат временски, географски или функционални. Во контекст на современите безбедносни закани како што се хибридни напади, сајбер-интервенции и транснационален тероризам, ваквите ограничувања често ја компромитираат ефикасноста на колективниот одговор. Притоа, секоја држава, пред сè, се води од своите национални интереси и безбедносни приоритети, што ја усложнува имплементацијата на мултилатерални решенија. Иако на теоретско ниво колективната безбедност функционира според начелото „напад на една држава е напад на сите", на практично ниво, националните ограничувања делуваат како филтер низ кој се пропушта секоја меѓународна иницијатива. Преку нив се опре-



делува учеството во заеднички мисии, степенот на ангажирање на ресурси, како и правната и политичката одговорност на земјата за своето дејствување во меѓународен контекст. Овие ограничувања секогаш не произлегуваат од надворешна недоверба, туку често се одраз на внатрешнополитички консенсус, правни традиции или историјат на воени ангажмани. Во таков контекст, тие претставуваат механизам за балансирање меѓу потребата за меѓународна ангажираност и заштитата на уставниот поредок. Примери за вакви ограничувања постојат во бројни правни системи. Германија, во согласност во нејзиниот устав (Grundgesetz), предвидува ограничено учество на војската надвор од државната територија, со задолжителна согласност на Бундестагот. Јапонија, преку член 9 од својот устав, формално се откажува од право на водење војна и поседување офанзивни воени капацитети, ограничувајќи се на Сили за самоодбрана. Финска и Шведска, иако сега членки на НАТО, долги години водеа политика на воена неутралност, избегнувајќи директни конфронтации и ангажмани. Турција, пак, и покрај членството во НАТО, често спроведува еднострани воени операции на база на својот Закон за прекугранични интервенции, а Израел има долготрајна политика на воздржаност од меѓународна правна отчетност, со инсистирање на сопствен правен систем како доволен инструмент за процена на воени дејства. Овие примери илустрираат дека, иако принципот на колективна безбедност останува суштински, правната реалност е далеку посложена – националните ограничувања остануваат клучен фактор при секоја воена одлука. ■



# КАКО РОДИТЕЛИТЕ ДА КОМУНИЦИРААТ СО ДЕЦАТА ЗА ВОЕНИТЕ ИСКУСТВА



Пишува: др.спец. Камелија Симеонова

Во време кога војните оставиле големи траги во човештвото, повеќето деца можат да почувствуваат страв и несигурност, особено ако имаат блиски роднини кои се дел од овие конфликти. Кон оваа тема е важно да се пристапи со посебно внимание, со разбирање и поддршка, за да им помогнеме на децата да се чуствуваат безбедно, информирано и сакано. Најважно е да сфатиме дека комуницирањето во врска со воените искуства не е само информативно, туку и емоционално .

Наместо да ги заштитиме своите деца криејќи ги од тешки теми како смрт или големи животни промени, родителелите треба да стекнат доверба преку отворени, искрени и сочувствителни разговори. Таквата средина овозможува децата да се чувствуваат безбедно во искажувањето на своите мисли и чувства, полесно да комуницираат и помалку да се грижат.

Децата можат да реагираат на различни начини – од вознемиреност до гнев или до чувство на беспомошност. Тие можат да се борат со прашања за тоа што се случува, што значи војната и како тоа влијае на нивниот живот и на животите на нивните најблиски. Затоа е важно да се создаде средина каде што тие ќе можат да прашуваат, да ги изразат своите чувства или да добијат соодветни одговори.

Еве неколку кратки совети како родителите да комуницираат со

своите деца во такви ситуации:

1. Најважен е тонот на разговорот. Треба да создадете атмосфера на доверба и сигурност, да бидете одговорни и искрени. Објаснете им дека нивните прашања се легитимни и дека може да разговарате за сè што ги мачи, да им кажете дека сте тука за нив и дека нивните чуства се важни.
2. За помалите деца користете едноставен јазик и избегнувајте премногу детали, додека на повозрасните можете да им одговарате и подетално, објаснувајќи ги причините за конфликтот, како функционираат спротивставените страни и што се случува во светот на војната, со цел да им помогнете да ја разберат сложеноста на ситуацијата. Тие треба да поттикнуваат прашања и да покажуваат дека е во ред да се зборува за непријатни теми и да се бара поддршка.
3. Бидете отворени и искрени
Создадете средина каде што децата се чувствуваат безбедно да ги изразат своите чуства и прашања. Постојано барајте и охрабрете ги да ги делат истите.
4. Прифатете ги нивните чувства
Ако децата се вознемирени или стравуваат, сфатете ги нивните чувства без да ги осудувате. Кажете им дека е нормално да се чувствуваат така после такви искуства.
5. Обезбедете информации на прифатлив начин
Објаснете им што е соодветно за нивната возраст, избегнувајќи премногу детали кои можат да ги вознемируваат.
6. Покажете понатамошна поддршка
7. Објаснете им дека сте тука за да ги поддржите и дека можат да ви се обратат во секое време.

Додека детето расте можеби ќе има многу прашања од кои ќе се чувствува вознемирено. Покажете му дека е во ред да се чувствува така и да знае дека сте тука за него. Правете работи во коишто вашето дете ужива за подобро да се чувствува.

Направете да се чувствуваат дека тие се важни и сакани и дека заедно ќе работите за да им помогнете да се чуствуваат посигурни. Со целосна посветеност кон емоционалната добросостојба на децата, сите родители можат да изградат подлабоки врски и да им дадат силна основа за справување со сите предизвици што ги носи животот и светот околу нив. Децата сигурно ќе поставуваат прашања. Ако не ги знаете одговорите, искрено кажете им дека не сте сигурни, но дека ќе се обидете да дознаете. ■









# Спомен-костурницата во Кавадарци



Антоанела Димитриевска

Спомен-костурницата во Кавадарци е монументален споменик кој симболизира стара македонска куќа која претставува вечен дом на загинатите борци. Во неа се сместени посмртните останки на загинатите борци од Кавадарци, жртви на фашистичкиот терор од НОВ во периодот од 1941 до 1945 година, кои се наоѓале во непосредна близина на Кавадарци. Во нејзината внатрешност на гранитни плочи се испишани нивните имиња. Спомен-костурницата е изработена од бетон. Откриена е на 7 септември 1976 година. Таа е дело на Петар Муличковски, професор на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Објектот се наоѓа на надморска височина од 305 метри и од таму се гледа панорамата на Кавадарци и на Тиквешијата. Костурницата претставува стилизирана македонска куќа оградена со бетонски ѕидови со дебелина од 3 метри. Долниот заграден дел го претставува внатрешниот двор на куќата кој продолжува во надворешен двор во форма на амфитеатар.

Во долниот дел се влегува преку две железни врати (јужна и северна), на кои се претставени гроздови. Тие водат во отворениот дел на костурницата каде што е сместена галеријата на хероите. Порано ѕидовите биле празни и во нив биле сместени моштите на загинатите, но во последните неколку години за да се заштитат,нивните ковчежиња се преместени во Градскиот музеј. Тука се наоѓаат дваесетина формирани мермерни плочи на кои се испишани 328 имиња на борци кои се загинати во НОВ. Потоа, преку скалила во средината на објектот кои спирално водат нагоре, се влегува во затворениот дел висок 12 метри, кој претставува стилизирана македонска куќа, инспирирана од архитектурата на охридската куќа. Овој затворен дел е поделен на два ката кои асоцираат на чардаци, во чии ѕидови има отвори кои ги симболизираат прозорците.



Имињата на македонските херои кои загинале за слобододата на Македонија се испишани со златни букви во македонската историја. Тие се светол патоказ за сегашните и за идните генерации. ■



# Плетењето, дел од комуникацијата во екот на војната

Станка Петкова

Постои долга историја на поврзаност на плетењето со војната. Многу жени биле охрабрени да плетат чорапи, капи и елеци за војниците, што се сметало како хоби за повозрасните дами. Но, со текот на војната, плетењето сè повеќе било присутно и помеѓу војниците.

***Дали знаете кои биле навистина добри во „читање" шевови? Воените шпиони!***

Војниците плетеле кодови во ткаенините и така пренесувале тајни пораки во самите везови. Постоеле луѓе кои трпеливо плетеле, ја воделе сопствената битка, ставајќи свој печат во војната.

Не плетеле само жените, со тоа се занимавале и затворениците, пациентите, но и децата. Војниците кои биле повредени на воените полиња исто така учеле како да плетат додека биле во болница, што се сметало дека има терапевтски ефект. Плетењето, кое се користело за скриени пораки е бинарно. Има само два шавови: плетени и шарени (сплетен конец што наликува на латинската буква „v" и набор што изгледа како хоризонтална линија). Секако, постојат и други техники за да го разубавите вашиот џемпер, но кога станува збор за едноставно плетење за пренесување на пораки, единствениот начин навистина да направите нешто е да плетете или да го извивате. Оваа техника овозможувала многу лесно да се сокријат пораките со Морзеов код во капа, шал или друго парче ткаенина. Самите шеми за плетење толку многу изгледаат како таен код, но откако ќе го знаете „клучот", можете да ги дешифрирате. Ова е нешто што се нарекува „читање на вашето плетење" и ако плетете доволно, ќе почнете да го сфаќате тоа. Плетивата содржеле ленти во боја за кодирање. На секоја буква од азбуката и е доделен код кој го плетете во соодветниот број редови во различна боја.

Една од најпознатите плетки е капата со Морзеовиот код. Можеби таа шапка, исплетена со Морзеовиот код не е најнезабележливата шема, но ја завршува работата.

Марамата била совршена за подолга порака. Плетењето било безопасно и постојано присутно. Британскиот таен агент Филис Латур Дојл ги шифрирал пораките во свилено предиво со јазли и комплет игли за плетење со предивото. Никој не размислувал дека тоа е опасност за војната. Белгискиот отпор користел жени кои живееле во близина на дворовите на возот за да ги следат движењата на непријателот.

За време на Револуционерната војна, една од шпионите на Вашингтон седела, плетела и правела белешки за Британците, кои ги криела во нејзината топка предиво.

Тоа биле стресни времиња за луѓето на домашен фронт, а плетењето било одличен начин да се ослободат од вознемиреноста од чекање писмо од саканата, стравот дека војната може да продолжи уште десет години, или уште полошо, ужасниот концепт дека би ја изгубиле војната. ■



# „Граѓанската војна“









Во 2024 година светската кинематографија се збогати со уште еден филм кој се обиде да допре до срцата на гледачите. Филмот „Граѓанската војна“ е акционен трилер, филм напишан и режиран од Алекс Гарланд. Заплетот следи тим од воени новинари кои патуваат од Њујорк Сити до Вашингтон за време на Граѓанската војна. Нивната цел е да го интервјуираат претседателот пред бунтовниците да го заземат главниот град.

Откако ќе го преживее самоубиствениот бомбашки напад во Њујорк, уморниот воен фотограф Ли Смит и неговиот колега новинар Џоел се среќаваат со нивниот ментор Семи за да го споделат нивниот план да го интервјуираат изолираниот претседател. Додека се обидува да ги одврати да се упатат кон главниот град, подоцна и самиот Семи бара да им се придружи. Кон оваа нова авантура им се приклучува и младата инспиративна фоторепортерка Џеси Кален (која Ли ја сретнал при бомбардирањето). Во филмот Ли е прикажан како чувствителен лик, со уметнички поглед кон светот. Неговото патување е едно самоистражување, каде мора да се соочи со последиците на своите дела и со прашањето: Што значи да се биде сведок на болката на другите?

Ли го препознава потенцијалот на Џеси како воен фотограф и ќе стане нејзин ментор додека Џеси ги фотографира сецесионистите како егзекутираат затвореници. Групата ја минува ноќта во бегалски камп пред да помине низ мал град каде, под будната стража, жителите се обидуваат да живеат во „блажено незнаење“ за војната. Вештините за фотографирање на Џеси се подобруваат, бидејќи таа станува сѐ повеќе нечувствителна на насилство. Таа игра улога на емотивна поддршка и пријателка во тешките моменти. Со нејзината искреност и хуманост, Џеси го поттикнува Ли да се справи со своите стравови и да ја анализира својата улога во конфликтите. Нејзиниот лик е симбол на надеж и љубов во тешки времиња и потврдува колку врските се важни.

Граѓанската воја не е само визуелен спектакл, туку длабока анализа на човековата природа, кои покрај непосредниот конфликт ги истражува и ликовите и борбата за смислата на животот. ■

**Режија: Алекс Гарланд, Сценарио: Алекс Гарланд, Улоги: Кирстен Данст, Џеси Племонс, Кејли Спени, Ник Офермен, Музика: Бен Солсбери,Џеф Бароу, Производство: ДНК филмови, Дистрибуција: А24 (Соединети Американски Држави), Датум на издавање: 14 март 2024 година, Времетраење: 109 минути Земји: Обединетото Кралство, САД, Јазик: Англиски, Буџет: 50 милиони долари**

Пишува: Станка Петкова



Ханс Ларвин е австроунгарски сликар, роден на 6 декември 1873 година во Виена. Ликовното образование го започнал во уметничко и занаетчиско училиште во Виена , а потоа запишал студии на Академијата за ликовни уметности во Виена од 1889 година. Околу 1900 година, Ларвин одел на бројни студиски патувања во Рим, Минхен, Париз и Холандија. Во 1902 година станал член на виенскиот Кунстлерхаус каде што биле и неговите први изложби. За време на Првата светска војна Ларвин се пријавил како воен сликар во Австро-унгарската империјална војска. Ханс Ларвин имал чин прв поручник и за време на Првата светка војна бил уметнички активен на различни фронтови во периодот од 18 август 1917 до ноември 1918 година. Некои од неговите дела од овој период се наоѓаат во збирките на Военоисторискиот музеј во Виена. По завршувањето на војната живеел во Словачка, во Унгарија и во Југославија помеѓу 1925 и 1927 година. Во 1927 година се вратил во Виена. Во 1930 година станал професор и раководител по сликарство на Академијата за ликовни уметности, а предавал и на Одделот за графичка уметност. Починал на 17 ноември 1938 година во Виена.





Пишува: м-р Трајче Чатмов

„ЛИЦА НА РЕВОЛУЦИЈАТА“ - необјавени фотографии на македонски револуционери од Илинденската епопеја.



Портрет на македонскиот војвода Јане Сандански од приватната архива на Диме Ратајкоски.